**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 мај 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 94-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Есад Рахиќ, Коста Прешоски, Каролина Ристова, Ана Андова, Иван Анастасовски, Славица Грковска, Ванчо Горѓиев, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Перар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Абдулади Вејсели, Орданчо Тасев, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети и Љупчо Мешков, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со 29-та точка - Предлог за донесување на закон за поништување на локалните избори одржани на 13 март 2005 година во општините Липкови, Арачиново, Чаир, Студеничани, Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас, Боговиње, Теарце, Желино, Брвеница, Јегуновце, со Предлог на закон.**

Пред да продолжиме со дискусии, бидејќи има пријавено, би сакал да ги известам пратениците дека ќе направиме пауза во 11,55 часот, бидејќи во 12,00 часот има доделување на Наградата "Гоце Делчев" и сите пратеници се поканети да присуствуваат.

Господинот Игор Ивановски, не е тука, господинот Ѓорѓи Трендафилов не е тука, господинот Исмет Рамадани не е тука, всушност тој имаше реплика.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, се јавив за дискусија за да продолжи континуитетот, затоа што обично во 11,00 часот не сме многу мотивирани, особено и после празници. Меѓутоа, ова прашање за кое дискутираме, поточно за Законот за поништување на локалните избори, навистина предизвикува внимание и навистина треба да се продискутира.

Јас се јавив за збор со една единствена цел, имав прилика и многу внимателно ги слушав дискусиите на колегите кои пред мене дискутираа и можам да дојдам до заклучок дека провејуваа неколку става во самата дискусија.

Еден став беше дека локалните избори кои се спроведоа на 13 март оваа година, го зачуваа епитатот на не фер и нерегуларни избори.

Втор впечаток, во контекст на не фер и нерегуларни избори, овие избори беа катастрофални, поточно направен е фалсификат што не е новина во РМ.

Трет аргумент кој позицијата го користеше беше, овие избори беа фер и демократски, значи спроведени онака како што треба, како што вели законот.

Имаше уште еден аргумент кој доаѓаше повеќе од една правна природа, во смисла на тоа дека овој закон нема правна сила, поточно не се знае што се сака со овој закон, така што дури и да се изгласа не би можел да најде примена.

Тоа беа четири тези или аргументи врз основа на кои сите овие денови, додека траеше расправата по овој закон, имавме прилика да ги слушнеме. Мене токму тоа ме заинтригира да се вклучам и јас во расправа, имајќи предвид дека сепак имам некое поголемо искуство, како пратеник и имајќи предвид и тоа дека сум имал прилика да се изнаслушам за едни вакви теми кога бев во една обратна позиција, односно кога бев пратеник на позиција, кога ги сменивме улигите и кога, тогаш имав можност да слушам од страна на опозицијата, тогашна опозиција, сегашна позиција, која оценувајќи ги претходните локални избори, ги кажуваше оние аргументи кои сега ние ги кажуваме, спроведени насилнички избори, кршење на законот, не фер, не демократски и така натаму. Сега, почитуван претседателе, почитувани колеги, ако се вратиме сите овие години наназад, значи не само локалните избори, туку и сите други избори, претседателски, парламенатарни, секогаш можеме да слушнеме разни квалификации во тој правец. Едните слават и велат дека изборите се фер, спроведени според сите законски норми, демократски. Другите велат изборите не се фер, не се демократски и така натаму. Тие две констатации имавме прилика да ги слушаме сите овие години наназад. Меѓутоа,морам да признам дека последната година, или последните две години, од претседателските избори, овие последни па наваму, има една новина во која што, овие две констатации остануваат. Значи, оние кои се на власт велат овие избори се фер и демократски и ние победивме, победи демократијата, победи се она што значи фер и демократски избори. Од друга страна опозицијата, или поточно здружената опозиција вели, овие избори не се фер, не се демократски, направен е фалсификат, но и ние победивме. Сега, се случуваат две работи, значи имаме двајца победници, зависи по кои бројки ќе ги мериме кој е победник, кој не е, а пак ги задржуваме истите констатации. Едните победиле на фер начин, другите победиле на не фер начин. И можеби најголемата трагедија е токму тоа. Каде се поразените. Се поставува прашањето кој во суштина е поразен, бидејќи од сите дискусии не слушнав никој да каже, кој е поразен во Република Македонија, бидејќи сите се победници.

Претседателе, морам да кажам една работа, верувам вие ќе се согласите со тоа. Во Република Македонија е поразена демократијата. Поразени

се граѓаните на Република Македонија затоа што низа години со ред се злоупотребува нивното право на глас. Значи остана оној проблем, да се гласа во име на друг, да гласа еден за повеќе, да се користат средства на присила, средства на насилство и тн. Кога ние го поддржавме овој предлог, како пратеничка група односно како иницијатори застанавме заедно со пратеничката група на ДПА, тргнавме од една единствена цел, можеби е добар начинот еднаш во Република Македонија да се поништат избори со закон, да се спроведат од почеток и белки ќе ја научиме лекцијата, затоа што - повторувањето е мајка на знаењето и ако ги повторуваме така често, можеме да дојдеме до некои подобри резултати, односно по фер спроведени избори и на некој начин да за зачуваме демократијата во РМ. Зошто ова го велам? Затоа што, морам да потсетам како се одвиваа изборите.

Ако првиот круг на овие локални избори беше оценет, не само од факторите во РМ, каде што дури и самата власт призна дека на одредени места со одреден процент, со кој јас не сакам да се занимавам, бидејќи јас не сум математичар, да кажувам колкав е тој процент, но и самата власт признава дека изборите не беа спроведени фер и демократски. Ако кон тоа гиземеме и меѓународните фактори кои на тоа дадоа, исто така, сигнал со кој, тие кои беа задолжени да ги набљудуваат изборите и да дадат свој коментар, ако после првиот круг критиките беа многу големи, тогаш власта во лицето на премиерот, нормално, иницира одредени средби со политичките фактори за да се дојде до вториот круг да биде пофер и подемократски. Сега ако го споредиме вториот со првиот круг ќе видите дека веќе во вториот круг има некои подобрувања во смисла на нерегуларностите и ако ни траеше овој втор круг уште неколку круга, веројатно изборите можеби ќе се спроведеа, на крајот на краиштата, онака како што треба. Токму заради тоа една ваква иницијатива за поништување на изборите, можегби би била добра, еднаш да се свестиме дека изборите се право на граѓаните да одлучуаат по сопствена фолја и по сопствено убедување за тоа кој ќе ги води во наредните години, дали тоа ќе биде на локално ниви, дали ќе биде на парламентарно ниво.

Сега една друга работа која ја зачнав на почетокот.

Ако немаме поразени кај политичките фактори, значи сите се победници, сите славиме, а од друга страна ако се поразена граѓаните, се поставува прашањето, во делот на она што значи кршење на Законот за избори, кој е одговорен за таа работа? Јас многу добро се сеќавам когга една ваква или слична иницијатива беше поднесена од тогашната опозиција, сегашна позиција. Милион пати беше повторувана една иста констатација, една иста речница, дека исклучиво власта е надлежна за спроведување на изборите. Значи никако вие не можете да ја обвините опозицијата дека таа е одговорна за тоа што изборите се спроведени не фер, не регуларно и тн. Значи, исклучиво надлежен за спроведување на изборите, е власта. Таа е одговорна за сите неправилности. Таа е одговорна за кршењето на законите. Таа е одговорна за полнењето на кутиите. Таа е одговорна за фалсификатите и тн. Тоа е неспорно прашање.

Можеме да се правдаме, од аспект на власт зборувам, значи можеме да измислиме милион објективни и субјективни и што ти јас знам какви причини и да кажеме дека 5 или 10% во однос на 90%, не се ништо, или можеби тој процент е поголем или помал. Меѓутоа, факт е дека и 1% на нерегуларни избори, ја чини власта одговорна и таа треба да се запраша зошто е така како што е.

Јас никако не можам да се согласам дека овие избори поминаа фер и демократски и никако не можам да се согласам дека на овие избори немаше нарушување на законската регулатива од сите аспекти.

Се сеќавам, имаше едни избори кога власт беше некој друг, поточно власт беше тогаш ВМРО-ДПМНЕ со своите коалициони партнери, тоа беше 2002 година, почитуван претседателе, нели, оној судбоносен 15 септември кога - власта ја зеде народот во свои раце, каде што тие избори беа спроведени, навистина фер и демократски. И тогаш, земете ги извештаите, прочитајте ги и сите оние извештаи кои доаѓаа од меѓународните набљудувачи, ќе видите дека тие избори беа далеку по фер. Не само далеку по фер, туку и не се ни споредуваат со овие.

Сега, ако направиме една споредба, можам да кажам дека таа власт на чело со ВМРО-ДПМНЕ ја научила лекцијата пред четири години кога спроведуваше локални избори и кога исто така ги имавме овие квалификации кои денеска ги имаме. Меѓутоа, ги научила и како власт спроведе избори со сите пофалби.

За жал, тогашната опозиција, или сегашната власт на чело со СДСМ кој цело време во сите овие години држеше лекции како треба да се спроведат избори и кој не убедуваше дека тие ја знаат лекцијата односно ја прочитале одамна и ја знаат, се покажа дека можеби ја прочитале, но не ја научиле и денеска се спроведоа избори далеку, далеку понерегуларни од она што значеше пред едно десет години. Која е констатацијата? Некој вели, целта не ги бира средствата, целта е да се зачува фотељата односно да се зачува власта по секоја цена, па дозволено ни е да правиме се и сешто, но така не одиме напред. Не можете со сила да задржите власт по ниедна цена затоа што граѓаните не се не свесни, тие многу добро знаат дали нивниот глас е злоупотребен или не. И ако сега на овој начин со фалсификат и со се она што значи нерегуларност се држи некаква власт, локална, која би претставувала, наводно некаков си барометар за наредните парламентарни избори, бидете сигурни како власт дека казната многу брзо ќе стаса затоа што граѓаните многу добро знаат кој ги води и како ги води и дали

добро ги води и на кој начин им се злоупотребува гласот, за во иднина, еве за една година, да знае како да се определи, поточно да знае гласот да го даде таму каде смета дека треба и дека нема да биде злоупотребен.

Затоа, почитуван претседателе, почитувани колеги од парламентарното мнозинство, земете ја поуката. И ние нешто научивме. Научете и вие нешто, или повторете го знаењето што сте го имале. Прочитајте ја лекцијата уште еднаш и видете дека злоупотреба на изборите, кркењето на изборните прописи, кршењето на изборната регулатива, полнењето на кутиите и се она друго што имавме прилика да се изнагледаме и да се изнаслушаме овде. Или пак, не познавањето на законските одредби каде некој влегува во трка па се откажува и тн., не не водат, почитуван претседателе, во Европска Унија, уште помалку во НАТО. Не не водат никаде затоа што не можете да одите напред во тие институции и структури кога една обична лекција 20 години не можеме да ја научиме. Со право некој ќе се праша, што треба на овој народ, што треба на оваа власт да се каже, на кој начин да и се каже за да свати дека не е битно кој ќе победи. Битно е да се спроведат избори како што треба, односно да покажеме свест и дисциплина и се она што претставува регуларност на избори.

Втората констатаација која сите овие години, навистина претставува проблем во РМ, тоа е, не би сакал да го наречам Западниот дел на Македонија, меѓутоа, би сакал да потенцирам дека во континуитет сите овие години, најголемиот дел од злупотребите на изборниот процес се прават токму онаму каде што доминира албанското население. Кога јас би бил албанец, мене навистина тоа би ми сметало. Не би се чувствувал горд затоа што би се поставило прашањето зошто албанската популација да ги прави овие дерегулативи, повеќе од македонската. Значи, пак ќе повторам кога јас би бил албанец сериозно би се замислил. Кога би бил пак припадник на албанска политичка партија која е владеачка во РМ, која учествува во власта, на начин како што таа најдобро знае, односно на начин како што самата, од таму каде што беше влезе во власт. Напротив, би работел во правец да докажам дека она што од некоја позиција која не е популарна и не е во ред, стана власт, ќе му укажам на сопствениот народ дека тоа не е начин да се дојде до власт и сите овие години, откако ја практикувам власта, ќе го убедам сопствениот народ дека само на демократски, цивилизиран и културен начин влста се менува, или не се менува во Републиката. Но, за жал, владеачката партија, албанска политичка структура, поточно ДУИ кој практикувал власт, очигледно е многу рано да ја научи таа лекција и бидејќи кажав и на почеток и сега ќе го повторам, значи исклучиво одговорен за нерегуларноста на изборите е власта и затоа го именувам ДУИ како дел од власта. Значи не ја научил лекцијата и повторно, во делот каде што имаме албанско население, ни се случува флагрантно кршење на изборните процеси.

Сега можеби милион аргументи ќе изнесат или изнесоа колегите кои таму припаѓаат, меѓутоа, факт е дека постојат огромни што имавме прилика да ги видиме, каде то едно лице со полни раце гласачки ливчиња, полни кутии, каде насилно се влегува и се одземаат кутии, каде што, некакви си униформисани или недоволно униформисани групации влегуваат, го присилуваат народот односно граѓаните да гласаат, како што тие сакаат, не како што граѓаните сакаат и тн. И јас, искрена да бидам, кога би бил на нивно место воопшто не би се радувал на победата која тие ја слават со пукања, со истрели и тн. Ако сум заложник на демократија, ако сум заложник на полилтика со која сакам Република Македонија да биде дел од Европската Унија, дел од еден цивилизиран свет, не можам јас како челник на една партија која практикува власт, да славам победа со оружје, со пукање и така натаму, па нека е тоа и традиција, или не знам што.

Ако можеме да прифатиме дека на таквиот начин се веселиме кога имаме свадба, односно кога има свадба, не можеме тоа да го прифатиме, кога треба да се весели, или слави некоја победа на некакви избори.Така им даваме погрешна поука на граѓаните и така ги тераме да го прават она што го прават.

Значи, повторно ќе кажам Македонија, поточно Република Македонија ќе влезе еден ден во ЕУ, само кога во целина на целата нејзина територија на секое нејзино избирачко место, ќе се спроведат зибори, како што се спроведуваат во Европа. Независно, дали таму има поголемо мнозинство Албанци, или повеќе Труци, или повеќе Срби, или повеќе Македонци.

Значи кога сите заедно, оние кои го сочинуваме овој дел, ова парче земја, онака како што вели Уставот, кога сите заедно со заенички сили ќе спроведеме изборите да бидат фер и демократски и еднаш да им упатиме сигнал дека сме ние не само географски, туку и цивилизирано дел од ЕУ. Само тогаш, почитувни колеги, можеме да се надеваме дека ќе влеземе во тоа семејство. Се дотогаш, гадно е, сите се лажеме и сите ќе се лажеме дека сме блиску до Европа и јас ви тврдам дека со вакви избори сме далеку од Европа. Значи, не не ваат уште 100.000 прашања да ни постават од страна на ЕУ и уште незнам колку одговори да однесеме, кога и без да ги читаат одговорите кои што сме ги дале, ја гледаат ситуацијата овдека во Републиката, особено, кога се во прашање спроведување на изборите. Кога во еден процес каде што до израз доаѓа демократијата, наместо да оди во нагорна линија, таа оди во надолна линија и кога како год да се менуваат политичките структури и кај Албанскиот фактор и кај Македонскиот фактор, наместо поука имаме практикување на она што е негативно. Што ни вреди власта, што ни вреди една локална самоуправа, ако сме ја извојувале победата на на не фер и недемократски начин и ако на тој граѓанин, кој што требало да го даде гласот, сме му ги украле гласовите и сега треба

да го раководиме.Тоа е спротивно на неговата волја, тоа не носи резултати, ниту сега, ниту во иднина. Затоа, ако овој закон за некого изгледа глуп, за некого може би изгледа промашена тема, или можеби закон кој што не може да предизвика правно дејство. За мене, овој закон може да биде само една поука, да биде начин да ги исправиме грешките и да покажеме и да упатиме оној кој што не следи дека ние можеме да спроведеме избори, само доколку сакаме, без разлика кој на тие избори ќе победи. Затоа што победникот, независно кој слави и како слави, независно кој прогласува победа, кој не, победникот можат да бидат граѓаните на Република Македонија. Во оваа ситуација сите политички партии се победници, освен граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски. Ќе дадам еден мал коментар. Неколку пати кажавте дека почитуван претседателе сигурен сум дека и вие ќе се согласите со тоа и тоа. За да има чудо, делумно погодивте. Но јас не сум човек кој што има талент да ги чита мислите и затоа ќе ве прашам да искажете една ваша констатација. Дали ВМРО-Народна ги доби или ги изгуби изборите? Ако не, јас ќе одговорам.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, најискрено очекував да ме прашате. Јас ќе ви кажам дека единствениот победник на овие избори е ВМРО-Народна партија.

**Љупчо Јордановски:** Значи сепак и вие сте во онаа група каде што сите се победници. Ако рековте дека сте ги изгубиле, тогаш покрај граѓаните и демократијата, еве уште еден ентитет кој што изгуби на избори, ВМРО-Народна. Благодарам,

Повелете господине Витановски, имате реплика.

**Јанаке Витановски:** Благодарам претседателе.

Јас имам само мал коментар. Се запрашувам зошто вакви дискусии се водат овде во овој Парламент и на кого му оди ова во корист. Ако ние сите сме за влез во Европска Унија и во НАТО, мислам дека со вакви дискусии кои се водеја пред оваа седница, на минатата која ја прекинавме и еве продолжува и денеска, мислам дека не води ова никаде.

Овде колегата Жарко искажа некои работи со кои со дел од нив се согласувам, но сакам да кажам и една друга работа. Мислам дека не подели на Албанци и на Македонци овде и дека таму се кршеле изборите и како правник јас би го прашал сега господинот Жарко Караџоски. Каде пишува во Уставот или во некој Зкон дека Парламентот може да поништи избори. Ако ние можеме да поништуваме избори овде во Парламентот, ако демократијата е посредна или непосредна, ние сме од посредна демократија, а граѓаните гласаат непосредно иако се бориме толку за граѓаните, за нивните гласови, како е можно Парламентот да поништува избори. Ако е тоа можно господине Жарко, мислам дека секоја коалиција која има мнозинство во парламентот, во секое време ќе ги поништува изборите во оној дел каде што мисли дека е изгубено. Ако е тоа така, тогаш нема потреба од избори. Изборите нема да бидат потребни бидејќи Парламентот ќе биде тој кој што ќе ги поништува изборите затоа што не му се бендисуваат.

Сметам дека тоа не е правно, не е уставно, нема никаде закон, во кој што пишува дека Парламентот е тој кој што може да поништува избори. Според тоа, мислам дека овој закон е безпредметен и не треба да се донесе овој закон, од причина што во Уставот и во Законот за избори, се наведени кои се тие органи кои што можат да ги прогласат изборите или да ги поништат. Не салам да ви велам кои се тие органи. Постојат органи во Закнот, но во никој случај Парламентот не е тој кој што може да поништува избори и да ја поништува волјата на народот.

Од тие причини, сметам дека овој закон е ништовен и не треба да се донесе. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски, имате една минута реплика.

**Жарко Караџоски:** Значи господине Јанаки да беше волјата на народот во прашање, таа да се слушаше, немаше да има ваков закон и немаше да имаме фалсификат избори. Волјата на народот вие ја нарушивте како власт, со тоа што направивте франглантно кршење на целата изборна регулатива. А каде пишува дека Собранието може, јас ќе ви кажам. Иако сте правник, ќе ве потсетам. Уставна основа за донесување на овој закон, почитуван колега е во членот 68 став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, во кој што стои дека Собранието на Република Македонија е надлежно и донесува закони. Ова е почитуван колега закон, како и сите други закони, кои што според Уставот Собранието може да ги донесува или не.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Чашуле, а потоа е господинот Стојан Андов.

**Слободан Чашуле:** Почитуван господине претседател, почитувани колешки и колеги, дами и господа, пријатели,

Е па, среќни празници. Да ја избиршиме напнатата атмосфера. Господ да ни даде здравје на сите, многу ум, бидејќи влегуваме во период во кој ќе треба да докажеме дека сме умни и умееме да менаџираме многу работи.

До крајот на оваа година Европската комисија треба да ја даде својата согласност, т.н. ави, за пристапување на Република Македонија кон преговори за зачленување. Период на кандидатура кој ќе трае.

Догодина, Северно-атланската алијанса НАТО, треба да не покани да станеме полноправни членови и тоа ќе биде еден процес кој ќе трае многу помалку од преговорите за влез во Европската Унија. Нашите партнери во Брисел, седиштето на обете организации, какко што знаете е таму, нема да не вреднуваат според

прогблемите што ги создава нашето општество кое е во транзиција и по своето демократско дефинирање, туку ќе не вреднува по начинот по кој ги менанџираме тие проблеми, бидете убедени. На ЕУ и треба консолидиран дом и и треба простор во кој ќе може да се каже дека ќе има просперитет, стабилност и безбедност.Тие се многу свесни и тоа го направија кога голем дел на источно-европски држави ги примија во своето семејство, иако знаат дека и нивните општества во трранзиција создаваат проблеми.

Според тоа, дека ќе станеме членови на двете асоцијации, ќе станеме. Прашаењто е кога? И првата генерација која ќе треба да го наслути тоа кога сме ние, овој Парламент. На нас ќе падне да се носат тие одлуки. Сега, ние имаме крупен проблем и затоа ја имаме оваа точка на дневен ред на ваков начин. Успеваме од изборите кои се темелник на декократијата, а демократијата е процедура. Таа процедура е пред се, редовни избори, за да можат граѓаните да вршат не избор на нови властодршци, туку контрола врз она што се прави, бидејќи тие од свој џеп издвојуваат данок, за да ја менанџираме државата. Ние како законодавна власт, Владата како извршна функција на власта и судството како судска власт. Исто така, како носители на суверенитетот на оваа држава ни го даваат и својот суверенитет во нас и бараат и тоа е темелна одредба на демократијата, секои четири години предвидел нашиот Устав и демократската традиција во светот, овие две работи да ги донесат на проверка.

Според тоа, ние не смееме од темелникот на демократијата да правиме проблем, за тој проблем постојано да разговараме и никако да излеземе со решенија кои ќе покажат дека умееме да го менанџираме имено, тоа.

Јас не знам дека сме имале катастрофални избори, како во други транзициони држави, каде што имало демонстрации, окупација на собранија. Кај нас имало крвопролевања и употреба на оружје но никогаш во оние чудовишни пропорции, како што гледаме се случуваат во светот. Па чинам дека секогаш ценејќи го тоа што го имаме е недоволно да се окарактеризира целиот процес како дисфункционален, како котрапродуктивен, помалку заспиваме и никако не седнуваме да видиме што имено, се тие работи кои ги создаваат овие искри на насилство, потреба за фалсификување, потреба за колективно гласање, потреба од обични локални избори да се направи битка за опстојување на политичките елити во оваа наша држава. Ние изборите ќе ги менанџираме онака како што пролега, јас сум убеден во тоа, со носење на закони. И една од првите работи што треба да се зафатиме, веројатно во оваа наша расправа во која се слушнаа многу вредни нешта е да видиме дали навистина, кога сме веќе на нивото на локалната самоуправа, овој ваков закон кој се темели на идеолошкиот морал, партиите да предлагаат листи во примарното ниво на власта и самоуправата е добар, или не е. Овие избори покажаа дека очигледно генерира политичка енергија која бирањето градоначалници и советници ги доведува до политичка борба за опстанок на структурите кои во одреден момент држат раководни позиции во политичките партии. Тоа нам ни се случи на овие избори. Јас сум убеден дека ние со овој закон можеме само да ја пробудиме нашата совест, па и да го усвоиме. Но не сум убеден дека без пратечкото законодавство кое ќе ја елиминира политичката контаминација на потребата на граѓаните, своите примарни интереси да ги изберат, преку избирањето на локалните органи на власта, ако ние тоа не го сториме, нам и овие избори што овој закон би ги озаконил, би ни генерирале проблеми. Затоа овој закон постигна и покрај тоа што ќе му најдете забелешки и покрај тоа што предлагачите во поголем дел не се тука, па и нивните гласови не се тука за да придонесат и некој од нас што сме во дилема дали да гласаме или не, да го изгласаме овој закон, но верувајте ми, ако нешто постигне овој закон, тоа беше во ова Собрание за прв пат да седнеме да поразговараме за изборите како генератор на одредени проблеми на нашата демократија и тоа да го разговараме во овој Парламент.

Меѓутоа, ако ја сведеме расправата на тоа кој колку бил кабаетлија порано и кој колку ќе биде кабаетлива во иднина, ние покажуваме дека не знаеме да го менанџираме проблемот. Според тоа, даваме лош сигнал таму каде што очекуваме дека до крајот на годината ќе почнеме да преговараме, а догодина ќе очекуваме членките на НАТО да ја ратификуваат поканата на нивниот специфичен начин за зачленување на Република Македонија таму. Сега што порака ќе пратиме, ако ние како Парламент се самозадоволиме со тоа што ние ќе кажеме дека има забелешки, другите ќе кажат дека не ја гледаат уставната основа или ќе има една нормална размена на спротивставени ставови. Демократијата е тоа. Дијалектика измеѓу тие што имаат мнозинство и тие што имаат малцинство. Меѓутоа, ако сето ова го сведема на тоа, ние ништо не сме постигнале. А догодина не чекаат избори.

Сега конкретно за случајот. Јас сум убеден дека за доброто на граѓаните на Република Македонија е подобро својот советник да го бира директорот. Тоа е мое мислење. Јас би сакал од оваа расправа, затоа што превзедовме, Владата тоа го стори, а ние како Парламент не рековме не, што значи сме превзеле одговорност према ЕУ и пред сите набљудувачи кои ни укажуваа на овие проблеми дека ќе направиме нешто. Сега јас предлагам од овде да излеземе, ако веќе не иде овој закон, да излеземе со јасни размислувања и со нова седница на која ќе го ставиме изборното законодавство на дневен ред, почнувајќи од ова првото. Јас сум убеден во тоа дека улиците ќе ни бидат по чисти, ќе бидат поосветлени, на нив ќе има помалку дупки, ако секоја групација граѓани од своето маало, од својот крај, од својот сокак, директно го избира соседот кој ќе седи во Советот

и ќе му стои над глава на градоначалникот да ги заврши овие работи, одколку, ако избере човек, кој заради природата на нештата, својот мандат пред се, го должи на партијата што го избрала, а понекогаш ја губи рамнотежата, ја губи можноста да разликува дека сите ние не должиме на никоја политичка структура и на било каква власт, нашата позиција, или некоја партија, туку им ја должиме на самите граѓани. Но ако тој знае дека од тоа како ќе го дочекаат тој ден неговите соседи при улица преполна со ѓубре, со дупки и во темница, без атмосферска канализација , или неурбанизирани рурални краишта, од кои сакаме да направиме аграрна индустрија, тој ќе се замисли дали ќе оди комотно дома и дали ќе седи комотно во Советот на дадената општина , чекајќи да дојдат новите избори, потоа да се надева заради дисциплинираноста на своето гласање во рамките на Советот ги заслужил подршката, или благонаклоноста на политичката елита што го избрала и тогаш ќе се активира. Ние што сме направиле? Ништо. Успеавме локалната самоуправа која е местото каде што граѓаните примарно ги решаваат своите витални интереси сме ја оутѓиле од граѓаните. И затоа на овие избори имавме проблеми. Имавме проблеми заради тоа што беа во натпревар политички партии и политички лидери кои се обидуваа преку дисциплината на своите партиски војници, не сакам никого да навредам ова се стварност.

Ние треба да учиме да ја гледаме стварноста во огледало оти тоа огледало не има нас, вклучувајќи ме и мене таму.

Значи, преку тие свои војници се обидоа да се консолидираат, да се докажат за поголема партија, за поважна фракција, за победник и затоа овие избори генерираа победници, бидејќи никој, откако на тасот, на вагата на нашето општество ставивме толку крупни прашања, што никој не сака да го признае поразот, а всушност поразени се изборите. Никој не сака да го признае поразот и заради тоа што од поразот не еманира конкретно одговорност, ние не биравме собрание, па тој што не слегол да биде анулиран од политичката сцена, биравме локални совети, биравме градоначалници и од начинот на кој сето тоа ќе го интерпретираме, сите ќе бидеме победници.

Меѓутоа, што направивме? Од оваа говорница овде во повеќе наврати ние, јас, предупредувавме дека реформата на локалната самоуправа е клучно прашање во реорганизацијата на македонската држава и нејзината демократија. Рековме дека премногу експерименти правиме во напорот да ја доближиме локалната самоуправа и можноста на граѓаните директно да ги решаваат своите интереси до граѓаните. Што ни се случи? Ни се случи да ја издвоиме, да ја сепарираме и да седнеме да се расправаме.

Сега имаме ситуација во која имаме нова територијална организација, имаме нови овластувања, имаме нов Закон за финансирање на тие овластувања и на таа територијална организација и имаме еден дел, нема да го делам етнички затоа што тоа се исто толку граѓани колку и сите други, имаме еден дел од нашата територија каде што граѓаните во овие клучни моменти во остварувањето, имплементирањето и уживањето, ако може да се каже, во придонесите од ова, не учествуваат во тоа, се изземени. Прво, се изземени заради проблеми кои изборните органи и тие треба да бидат реформирани во оваа држава, не ги менаџираа и исто така се изземени заради тоа што во даден момент една политичка групација имено заради идеолошкиот карактер на изборите се определи својот протест заради манипулацијата со изборите да го оствари со бојкот. Сега имаме 1/4 од нашата држава, 1/4 повеќе или помалку, немојте да ме земате точно за збор колку се, граѓани кои не ќе можат да кажат дека се целосни учесници во имплементирањето на невралгичната реформа на нашата држава, а таа е пак особено значајна во делот од државата за кој станува збор. Тука сега имаме еден дополнителен проблем кој произлегува од проблемот што постојано од изборите правиме антагонизирачки феномен, феномен кој ни одзема по една, по две години време од нормалната законодавна работа на овој дом, претпоставувам тоа ќе се случува од нормалната работа на советите во општините кои сега наместо да го имплементираат тоа како Парламентот ќе потрошат 15 години со изборна регулатива која произлегува од едно поранешно време, па е крпена, крпена и прекрпувана, така што ние сега се наоѓаме во ситуација ако не направиме нова, на постојните закрпи да правиме нови закрпи оти постојано ни пука или по шавовите или отвора дупки.

Е, испитот е тој. Не дали ќе имаме пак избори, туку какви. Не дали ќе го усвоиме овој закон или не, туку дали ќе сториме нешто да овозможиме со нови закони да се обезбеди правото на граѓаните слободно да гласлаат.

Меѓутоа, колку и да важи аксиомата (дуралекс сед лекс), толку ние мора да сватиме дека треба истовремено да извршиме и реформа во нашите глави заради тоа што и со овие закони кога би имале политичка волја и политичка самоконтрола која ќе ни овозможи да направиме приоритети, па да видиме дали ни е навистина поважно едикојси да биде градоначалник или да го имплементираме новото милје на локалната самоуправа. Значи, кога би имале ние политичка реформа во нашите глави, кога би ги воспоставиле овие приоритети и една ваква хиерархија, тогаш ние и со овие закони можеме да одиме напред и да дојдеме во една ситуација на мир, на можност зрело и обмислено да се седне и да се донесе реформирана демократска регулатива во која точно ќе се знае како ќе се бираат советници, како ќе се бираат градоначалници, Парламент, претседател на Парламентот и немојте никако да ги потценувате изборите во судската власт, бидејќи и од начинот на кој ќе добиваме судии ќе зависи како трите

функции на нашата власт, што е елементарно во демократијата, ќе се наоѓаат во рамнотежа.

Вака како што ние одиме 15 години постојано со секои избори ние функциите на нашата власт ги доведуваме во нерамнотежа затоа што постепено граѓаните ќе почнат да се прашуваат дали всушност демократијата им носи добродетел, просперитет, сигурност или безбедност или се кострешат секои 4 години кога ќе дојде редовната тура избори, а фала богу кога ќе го погледнете нашиот систем практично секоја година имаме избори, се кострешат и си велат не, доста беше. Меѓутоа, немојте да дозволиме ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Чашуле ветивте дека ќе бидете краток, но ...

**Слободан Чашуле:** Завршувам. Со ова сакав да завршам, сега ќе изгубам десетина секунди да ги пофаќам нишките.

Во секој случај не смееме да дозволиме заради нашите грешки, нашето лошо или подобро менаџирање да ја доведеме во прашање демократијата, демократското функционирање на нашата држава, оти ако нашите партнери тоа го детектираат, тогаш навистина ќе имаме проблеми.

Јас не можам да кажам дека гласајќи за овој закон ќе ги решиме проблемите. Не можам ни да се согласам туку така да гласам против овој закон заради тоа што вика, заради сето ова што ви го кажав до сега, имаме цела една популација која постојано 4 години, ако не сториме нешто, ќе биде во дилема има ли таа автентична локална власт или нема. Од друга страна ако се гласа за, а сето ова го повториме на ист начин со истата политичка незрелост, со истата политичка неспремност да се направи реформа во нашите глави, тогаш што сме постигнале.

Затоа дајте да бидеме умни, да извлечеме една единствена поука од оваа расправа, да седне овој Парламент, ако Владата тоа не го нуди, тогаш ние, група пратеници, како што тоа го практикуваат најстарите демократии преку целата лепеза на политички партии застапени овде да седнеме, да поднесеме иницијатива за реформа на нашите избори и тоа да го направиме. Убаво би било кога иницијаторот за носење закони, покрај пратениците и Владата би се придружила, но дајте да не чекаме. Но, покрај законите што би произлегле како заклучок од оваа наша расправа, да седнеме и да извршиме европска реформа во нашите глави, да престанеме Европа да ја гледаме низ призмата на нашиот Балкан, на нашата приземност и лична амбиција да бидеме лидери, лидерчиња поголеми или помали партии, а граѓаните се повеќе и повеќе да се откажуваат од нашите услуги. Погледајте ги анкетите и видете која е константата во нашиот политички систем. Желбата да не се гласа, ни расте бројот на неопределени.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали тие што се пријавија во текот на говорот на господинот Чашуле се за реплика или не?

Тогаш објавувам пауза до 13,00 часот.

(Седницата прекина во 11,50 часот).

(По паузата седница продолжи со работа во 13,00 часот, а со седницата продолжи да раководи господин Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Збор има пратеникот Андов Стојан.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Господине потпретседател, почитувани колеги,

Во оваа наша расправа по овој закон, сосема е разбирливо што дел од расправите, учеството на пратениците, нивните излагања се засновани на политиката, на платформата, на ставот, што го завзело раководството на Партијата на пратеничката група итн., по ова прашање. Тоа е неизбежно. Ние сите сме членови на пратенички групи, на партии итн. Меѓутоа, мислам дека треба да бидеме свесни и овој пат, имаме неколку прашања, околу кои не е доволно и нема потреба, а и не е добро да останеме неразбрани меѓу себе и да тоа не доволно разбирање меѓу себе по тие прашања, произлезе како некоја последица на поинаквите, разликите во политичките програми. Мислам дека по тие прашања, јас ќе наведам само три, не смее да има разлика во политичките програми во партиите и меѓу пратениците, дури и не смее да има разлика и околу ставовите на пратениците.

Сметам дека со тоа што сме ние демократска земја, со тоа што сме членови на меѓународни организации од Обединетите нации па наваму, со тоа што ниту една политичка партија не се оградила од таквиот статус на државата, во Република Македонија и по тие прашања има консензус.

Едно од тие прашања директно ме допре, кога еден поголем број пратеници од нашите колеги овде, мислам беа повеќето од ДУИ, инаку етнички албанци ми го порекуваа правото да, како велат, ги бранам јас Албанците.

Сакам да ги потсетам дека овде станува збор за право, непречено право на гласање, слободно право на гласање. Ние, во ниту еден момент не смееме тоа право да го поделиме како право на Албанците, право на Ромите, право на другите неалбанци, Македонци итн. Тоа е универзално право и во една држава се стекнува со тоа што е некој граѓанин и исполнува услов - староснa зрелост.

Според тоа, кога јас велам дека граѓаните во овие 16 општини им е прекршено правото, им е нарушено правото на слободно изјаснување, апсолутно е сеедно дали сум јас Македонец, дали се тие Албанци или Роми, итн. Најважно е што сите ние сме државјани и јас како пратеник имам право и должност, како секој друг овде, кога установил таков случај да укаже на него, на

неговата неодржливост итн.итн. Сакам да ви кажам дека ова право на слободно гласање е старо право. На него можеме да се повикуваме и во Повелбата на Обединетите Нации. Но, морам да ви кажам дека тоа право стана едно од неприкосновените права на граѓаните, сестрано признато во европските земји, со одржувањето на Конференцијата за Европска безбедност и соработка во Хелсинки 1975 година. Тоа е едно од најважните права во тн. “Трета корпа” од таа Конференција и ние ќе се јавиме, по нашата политичка филозофија, многу наназад од времињата пред одржувањето на таа конференција ако тоа право го делиме по етничката припадност на луѓето овде и правото пак на заштита на тоа право, правото на политичарите само оној кој е од таа етничка заедница, тој само да има право да каже ако кај него тоа се случува, тоа прекршување итн. Тоа е опасно враќање назад. Јас верувам дека тоа е една невнимателност на оние кои укажуваа на тоа и сакам оваа расправа да ја завршиме, кога ќе ја завршиме, дека по ова прашање ние имаме сепак консензус и нашата земја исчекорила многу далеку. Таквите оспорувања немаат основ во нашето политичко размислулвање и политичко однесување.

Според тоа без оглед дали станува збор за нарушено право на глас на Албанец, на Ром, на Македонец, на Влав итн., сите еднакво сме должни да се бориме против тоа нарушување. Тоа ни е задача, тоа ни е должност. Тоа е првото прашање околу кое што мислам дека треба да се расправиме, да се разјасниме, да не остане нешто што би фрлило многу лоша, многу темна сенка на политичкото размислување наше, овде.

Второ прашање, што еден дел луѓе ми префрлија како јас толку ги величам наодите на меѓународните набљудувачи а не им верувам на нашите институции. Тоа е мојот став и тука е изграден, врз основа на првото прашање, така како што го разбирам и како што мислам и сите ние мораме да го разбираме.

Веќе со Конференцијата, Европската конференција за безбедност и соработка, прогласувајќи ги тие права како неприкосновени и универзални права, се воспоставува и потребата тие да се набљудуваат. Кај нас, нашите избори ги набљудуваа ОБСЕ, а ги набљудуваше и Мисија на ЕУ и на Советот на Европа. Се предвидува набљудувачите да можат да одат во една земја само по покана на Владата на таа земја. А тие пак, кога одат овде, имаат за задача да видат дали законите што се утврдени и со кои што се уредува изборниот процес некој ги нарушува? Без огед дали ги нарушува некој пијан човек или ги нарушуваат институциите на земјата каде што дошле на набљудување. Тоа е суштина на нивното набљудување, да утврдат дали и најчесто институциите ги нарушуваат законите со кои што е уреден изборниот процес.

Затоа, кога тие кажаа дека 22% од гласовите се пренасочени различно од политичката волја што ја има оној кој гласал, ако бил оневозможен, не гласал, значи тие побараа во периодот од првиот до вториот круг да се исправат тие прекршувања, нарушувања, газења на волјата на избирачите. Институциите што ова Собрание ги воспостави тоа не го сторија. И затоа, ако сме ги викнале, а ни кажат дека институциите тоа не го сторија што тие побараа, тогаш тие утврдиле дека тие институции се фактор на нарушување на изборниот процес овде. И ние не можеме да искажуваме сега некој патриотизам, да си ги штитиме нашите институции, што и да работеле по ова прашање, што се однесува на едно универзално право и никој не може да го затвори тоа право во својата земја, туку мораме да ги прифатиме тие укажувања. Инаку, нема смисла да ги викаме. Апсолутно нема смисла да викаме ние набљудувачи, ако не ги прифаќаме наодите до кои што дошле и ни ги соопштиле.

Оттаму, мислам дека е лошо во овој Дом да се слуша како е слаба позицијата на оној кој зборува ако вели дека мора да се послуша тоа што го нашле како проблем луѓето од набљудувачите, од институциите, од кои што доаѓаат од странство, кои што сме ги поканиле. Тоа би значело дека ние ја ревидираме нашата политика, дека отстапуваме од нашата политика на заштита на универзалните човекови права меѓу кои е и ова право, право на слободно гласање, фер и демократски избори.

Третото прашање што ми падна во очи е доста на набрзина и доста самоволна изречено. Вели - нема ли да се направи преседант ако овој закон се донесе, па секој пат, секое парламентарно мнозинство да може да ги поништува изборите како што нему му е згодно. Не, почитувани колеги. Тоа никој не го заговара. Ама, да се поништат изборите во оние општини каде е утврдено од Меѓународни набљудувачи дека дошло до висок степен на фалсификување на волјата на избирачите, Собранието е должно тоа да го направи. Ако не постапи така, Собранието се солидализира со другите органи кои не успеале да си ја извршат улогата и не го заштитиле ова право на граѓаните.

Затоа, не постои опасност од преседан и некој постојано да поништува избори. Ќе поништува избори ако нашето законодавство е такво да ги ослободува од одговорност сите кои се грижат за изборниот процес и дава краен резултат, да речеме 22% од гласачите да им е преиначена волјата што имале право да ја искажат на гласачкото место. Значи, не постои никаква опасност од преседан.

Е сега, бидејќи станува прашање дали навистина овие наши органи правилно постапиле, па овие од странство им пакувале вакви работи, треба да најдеме одговор во ставот на Владата која што ги прифати критиките од Меѓународната заедница. Немоќна е, бидејќи не изградила инструменти како органите да одговараат и како законот не постои и како да се оневозможат да учествуваат во преиначување на волјата на избирачите,

Владата прифати да се изготви ново изборно законодавство. Тоа го прифати. Објави дека ќе го подготви.

Затоа, нема потреба, ние, колеги овде, сега, да се групираме како пратеници, и да предлагаме ново изборно законодавство. Да имаше претставник на Владата во оваа расправа, тоа ќе го соопштеше.

Затоа, по овие три прашања не треба да има колебање. Правото на слободно гласање, на фер или демократски избори, има должност секој политичар, секој државен функционер, должност има да го штити на секого, без огед дали е тој етнички Македонец, етнички Албанец, етнички Ром и тн., во оваа држава во која што ние сите сме избрани функционери.

Второ, ако сме поканиле набљудувачи и ако тие ни кажале и посочиле дека точно треба органите, изборните органи да ги исправат недостатоците што биле во првиот круг, ако тоа не се постигне, тогаш не можеме да ги обвинуваме ние странските набљудувачи, затоа што ние сме ги повикале и такво е правилото, на тоа сме се согласиле. Тогаш нивната оценка е поважна, и ако донесеме закон, не значи дека ние секому даваме право да поништува избори како што сака, туку укажуваме ако и во иднина се случи некој да мисли дека ќе профитира од големо кршење на законите во изборниот процес и ако тоа го утврди некој меѓународен фактор, што си го поканил овде, тогаш ќе му биде поништена таа можност и нема да се искористи од тоа.

Овие работи сакав да ги укажам и мислам дека по овие работи не се разликуваме во погледите. Инаку, сосема друго може да се заклучи за политичкото стојалишта, овде наше, во искажувањето.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Андов.

Од пријавените кои се за реплитика, господинот Макрадули и господинот Адеми Абдулаќи.

Се извинувам, господине Дојчиновски за реплика?

Господине Мавровски, вие сте за дискусија или сте за реплика?

Одиме со реплики, прв е господинот Макрадули Јани.

Повелете господине Макрадули, три минути реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам, почитуван потпретседателе,

Иако ова го сфатив како реплика на господинот Андов откако го прочитал стенограмот од расправата пред празниците, сепак ќе прокоментирам нешто.

Се согласувам, доколку ги земеме коментарите на с транските набљудувачи како непобитен факт, ако го земеме за релевантно и единствено, тогаш зошто, ако сакаме да бидеме до крај искрени и да помогнеме во градењето на демократијата и на слободните избори во нашата земја, не поднеле амандман како пратеничка група за оние општини што се наведени навистина во Извештајот, а во законот постојат општини што воопшто не се спомнати во Извештајот, како што се Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас и Боговиње. Тоа е една работа.

Или пак, зошто општините каде што победила опозицијата, како што се Гази Баба и Чучер Сандево, што ги има во Извештајот на ОДХИР, не се ставени како амандман од страна на Пратеничката група на Либералната партија, па да бидеме до крај искрени и да кажеме дека, ако таму имало нерегуларности согласно мониторите, да ги поништиме тие избори, иако ние останува на тезата дека не може со закон ниту да прогласуваме победници, ниту пак да ги поништиме изборите.

Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Една минута контрареплика господинот Андов Стојан.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Тој закон не сме го изработиле. Ние го поддржавме.Мислиме дека е користетн. Во неговото усвојување, во постапката очекуваме и другите пратенички групи, ако по овие прашања по кои што зборуваме, така стојат работите да имаме консензус, да се вклучат, не ќе беше лошо и господинот Макрадули да дадеше некој амандман. Еднакво ќе го поддржевме како овој што го предложила оваа пратеничка група, ДПА.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Андов.

За реплика е јавен пратеникот Адеми Абдулаќи.

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам господине потпретседател.

За трите прашања за кои што вие господине Андов расправавте овде и ги псотавивте, во принцип и јас се согласувам дека е така. Но, овде е проблемот на тоа како можеме да им пријдеме на овие три прашања или на овие три прашања што ги поставивте вие. Ние не сакаме да го одземеме правото вие да ги браните и Албанците. Напротив, вие тоа право го имате и како пратеник. Но, начинот како го искористивте овој случај за да расправате околу албанците и на еден начин, доколку можам да кажам, вашата дискусија беше навредлива околу гласањето на албанците, ова беше проблемот зошто реагиравме како албански пратеници, и како пратеници на ДУИ. Не, зошто вие настојувате да ги браните Албанците во Република Македонија. Албанците знаат многу добро кој сте вие, кој сте биле вие. Сега ова не е тема и нема да навлегувам по ова прашање.

Околу меѓународните набљудувачи, каде што велите вие дека имале препораки во првата рунда, во втората рунда да се подобрат работите, нештата, околлу изборите, јас целосно се согласувам со тоа. Овде, голем придонес за имиџот или да се наруши имиџот го дадоа

органите што беа надлежни да ги организират изборите како што се општинските изборни комисии и Врховниот суд.

Еден голем дел од градовите во Источна Македонија каде во првата рунда имаше помалку од 50% гласачи, додека во втората рунда повеќе од 70% гласачи што значи дека и таму имало фалсификување на овие избори. Без оглед од која партија доаѓате сакате овие факти да ги заобиколите.

Третото прашање, дали може Парламентот да ги поништи изборите, дали ова може да се случи, дали ова не би било еден преседан, мислам дека сум рекол и во минатите реплики, Парламентот не може да ги поништи изборите бидејки ќе биде еден преседан кој ќе се повтореше и во иднина. За овие работи одговорни се општинските изборни комисии и Врховниот суд. Како раководеле овие органи со изборниот процес, за нивната работа подобро говори општина Долнени, општина Ростуше, општина Јагуновце, општина Охрид и т.н.

Значи јас се согласувам со вас, но начинот како им приоѓаме на овие проблеми се разликува помеѓу вас и нас. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Господинот Андов има една минута за контра реплика.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Тоа што сакав да го кажам, го кажав, меѓутоа пак не е разбрано. Кој сум јас и што господинот Адеми мисли за мене апсолутно е ирелевантно за ова прашање кое расправаме. Имаме еднаква одговорност. Јас сум оној кој го избрале гласачите и господинот Адеми е оној кој го избрале гласачите. Тука сме ние исти, а за тоа што знае друго за мене и другите луѓе, и господинот Адеми што знае и тоа што знаат за него не сме исти. Се разликуваме, но тоа не е предмет на расправа овде.

Второ, основно е дека тоа стои во Извештајот на набљудувачите од странство, а не дали во оваа Македонија, во онаа Македонија, Источна, Западна, тие точно кажаа каде е тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Андов.

Следен за реплика е пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Господине Андов и јас со првиот дел од вашето излагање би се согласил потполно, но ова што го кажувате во однос на политичките програми и во однос на она што се ставови на пратениците јас не би се согласи, затоа што кажувате дека набљудувачите од ОБСЕ кажале дека 22% од гласовите се различно политички усмерени.

Досегашните извештаи на господата од ОБСЕ се сведуваат на една работа, дека имаше кршење на изборниот процес, но после сето тоа немаше влијание на вкупниот резултат и тука завршув априказната.

Дали вие како пратеници ова што кажувате дека треба да бидеме надвор од изборниот процес апсолутно не се согласувам. Значи, новото изборно законодавство да не го очекуваме од Владат аи мислам дека предлогот на колегата Чашуле беше во ред. Сите ние тука, без разлика од која политичка партија доаѓаме, сите сме пратеници кои не бирал народот и овие избори се токму за народот. Мислам дека ќе се согласите дека сите заедно треба да го направиме тоа законодавство еднаш да биде во функција на граѓаните на Република Македонија, не во функција на ОБСЕ, не во функција на постоечката Влада или на Владат акоја што после тоа ќе дојде. Мислам дека тука треба да најдеме една поголема сила и сите заедно, без разлика како во моментот размислуваме, дали сме сега позиција утре опозиција или обратно да го направиме тоа изборно законодавство еднаш за секогаш и тука да биде моментот кога еднаш некого ќе прогласиме, затоа што во овој момент не само ОБСЕ и набљудувачите од ОБСЕ кажуваат дека има нерегуларности, туку и самите изборни комисии на избирачките места беа бркани со оружје. Беа бркани и не можеа да ги достават своите извештаи. Значи, ако ние во нашата држава не можеме со нашите институции на власт да направиме ред, мислам дека многу мала е фајдата по тоа дали ќе го повикаме оБСЕ, дали ќе викнеме и некои други меѓународни организации. На крајот на краиштата се се сведува на последниот заклучок што го кажав.

Од 1990 година апсолутно ништо не е постигнато со тие нивни извештаи, некаде нешто да е прифатено. Значи останува на сите нас одговорноста, затоа што нас не бирал народот сите заедно да најдеме начин како ова да го направиме да биде правото, затоа што ако биде правото тогаш дали тоа се набљудувачи или се луѓе дојдени кои што треба да гледаат сеир во Република Македонија, а никој ништо не добива. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Една минута за реплика има право господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Само да му кажам дека ништо не разбрав во што се разликува тој од ова што јас го зборував освен дали Владата ќе го направи законот или Предлогот на законот за ново изборно законодавство и за пратениците.

За нас е голема придобивка што Владата прифати дека има огромни пропусти во законодавството. Ако не се надвор, тие никогаш нема да бидат надвор од изборниот процес. Тоа ниту го заговарам, ниту има некаде основа да се каже.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Андов.

Има збор пратеникот Киро Дојчиновски, три минути реплика.

**Киро Дојчиновски:** Благодарам. Неотуѓиво право е на граѓанинот да гласа. Јас сега го прашувам господинот Андов дали има одговор што е со оние 45% граѓани кои што воопшто не гласаа, или ги немаше на избори. Дали и за тоа ОБСЕ и меѓународните организации имаат свој одговор. Тоа е едното.

Второ прашање, во изборниот процес не учествува само Парламентот. Во изборниот процес учествуваат и политичките партии. Стојан Андов, пратеникот не беше некни во расправите кога се водеа и кога баравме дали и политичките партии во делот на своите ангажмани успеале да го едуцираат гласачкото тело да не дојде до вакви непосакувани состојби. Тука Парламентот во оваа средина овде е немоќен. Тоа е работа на некојд руг.

Второ прашање од каде сега го најдовме тоа како дел од законодавството дека ако некоја меѓународна организација има вакво свое искажување дека ние задолжително треба да донесеме закон за да го поништиме тој дел од изборите.

Дури и господинот Жарко Караџоски спомна дека постои член во кој што се вели дека Парламентот носи закон. Парламентот не носи секакви закони, па сега и ваков закон затоа што некој друг сака. Ова уште повеќе заради тоа што ние овде уште не сме го разгледувале извештајот на Републичката изборна комисија која што беше исклучиво задолжена за изборите, а веќе расправаме за некакви туѓи извештаи, на луѓе кои што немаат шанса да дојдат непосредно до изборниот материјал и да констатираат состојби.

Нашите непсоредни органи задолжени за изборите кажаа тоа што кажаа и немаше некаде непониоштување, имаше поништување и прегласување, а тоа како да никој не сака да го спомене, таму и таму имаше кршење, фрагрантно кршење на кутиите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Дојчиновски.

Има збор пратеникот Стојан Андов. Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Јас внимателно објаснував и минатиот пат и сега, а ако на господинот Дојчиновски не му е јасно можеме да седнеме на кафе и повеќе време да си одземеме, а инаку во најголем дел им е јасно овде. Што се однесува до 42% што не гласале, некогаш можеби и 50% не гласале, тоа е исто така нивна слободна волја. Тоа сигурно го знае господинот Дојчиновски.

Тие соопштија дека 22% од волјата на избирачите е преиначена. Исправена е 2,5% низ сите филтри на нашите изборни органи. Ние треба да соопштиме или неидите, или ако идете да не ни кажувате што правиме ние овде. Нема друго.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Андов.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, а по него пратеникот Иван Иванов.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Бидејки изборните автори на Предлогот на законот за кој расправаме не се тука, мотивите зошто тие се решиле на чекор со закон да влегуваат во сферата на изборите е работа која што се базира на одлуки на партијата. Значи, раководството на ДПА проценило дека тоа треба така да биде нарпавено.

Дури не би можел и за оние кои го подржуваат, се придружија кон Предлогот на законот да генерализирам зошто тие се решиле, но најмалку што можам да кажам барем задоволни се дека оваа точка на дневен ред на пратениците, пред се од редовите на ВМРО-Народна партија ќе им даде можност, затоа што Предлогот на законот е сватен како повод да се проговори во Собранието на Република Македонија и за однесувањето на дел од институциите во Република Македонија односно за злоупотребата во политичкиодносно во партиски цели.

Тука пред се нема да зборувам за Извештајот на ОБСЕ, или за било кој друг извештај, ќе зборувам:

Прво, би сакал да потсетам за интересирањето на Проксима како мисија која се грижи во Република Македонија по обуката на полицијата и статусот на полицијата во рамките на македоснкото општество да биде без секакво сомневање. Значи секој македоснки граѓанин во оваа институција да не гледа ништо друго освен институција која се грижи за одржување на јавниот ред и мир, за заштита на личната, приватната сопственост и личната сигурност и безбедност на секој граѓанин, на секоја точка на територијата на Република Македонија и ништо повеќе. За жал тоа ниту беше успешно спроведено од страна на полицијата, или поточно делови од полицијата беа грубо злоупотребени, манипулирани во исклучиво партиски цели.

Напати за самиот тек на кампањата по примаше исклучително моменти и ме потсетуваше на она за кое сум запознат исклучиво од пишаните документи кога на времето во една поранешна државна творба, чиј дел за жал беше и Република Македонија дисидентски кругови заговарале постоење на плурализам во едноумието, социјалисти и сојуз на комунисти да се натпреваруваат.

Забелешката на господинот Макрадули зошто еден дел од таканречената здружена опозиција не реагирала амандмански и одговорот на господинот Андов држи место, има своја логика. На пример во поглед на тоа како се однесвуаат институциите, дел од партиите кои се во извршната власт во Република Македонија, но и таканаречената здружен аопозиција можеме да ги сведеме на три точки.

18 часа Охрид, завршување на изборите во Долнени и првиот круг во Гази Баба. Бидејки, не во сите овие точки своја улога или своја политичка цел имало и ВМРО-Народна партија ги

посочи како примери кои излегуваат над општините и населените места кои се вброени во Предлогот на законот. На пример, да почнам со општина Гази Баба каде што оружјето,насилството од припадници на партија која е дел од извршната власт, значи станува збор за членови припадници на ДУИ и поведението на тие рамки на општинската изборна комисија и членовите на избирачките одбори, некои од колегите рекоа да се задржиме малку и на поведението на самите политички партии, колку тие дејствувале кај своите членови и приврзаници изборниот процес и начинот на водење на кампањата да не ги надминува законските и етичките рамки. Затоа го земав примерот на Гази Баба каде што гласачкиот материјал беше доземен од страна на членови приврзаници на ДУИ со оружје, со закана и се случи нешто многу чудно. И здружената опозиција и владеачките партиимаксимално енергија потрошија да го минимизираат тој настан. Зошто? Затоа што тоа во тој момент одеше во прилог на нивните партиски цели и партиски интереси. Значи ова е во оној дел кога зборуваме за преиначување на оние 22% од граѓаните во Република Македонија.

Општина Долнени, каде што...

**Слободан Најдовски:** Извинете господине Трендафилов.

Вие сте еден од потписниците кој се придружија на предлагачите на законот. Во законот кој што го потпишавте не стои ниту за Гази Баба, не стои ниту за Долнени, ниту за други општини. Во законот точно е наведено за кои општини се бара поништување  и би ве замолил, како прво укажување да се држиме за општините кои што се предложени.

Продолжете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи, јас само овие три општини ги спомнав и кажав дека не се дел од наведените општини и населени места, затоа што овие три примери Охрид, Долнени и Гази Баба несекогаш се врзани со партиските цели и интереси на ВМРО-Народна, на која јас и припаѓам. Овие три општини ги одбрав затоа што претставуваат пресек, овде не станува збор за Западна, за Јужна или за Југоисточна Македонија. Зборувам за Република Македонија во целина и зборувам за злоупотребата и манипулацијата на дел од исntитуциите на системот.

Доколку вие имате поинаква идеа, да зборуваме исклучиво во рамките на одреден регион мислам дека препознавањето на Република Македонија, како што така елегантно ни соопшти минатата седница и шефицата на македонската дипломатија не оди во прилог на севкупната слика за Република Македонија, која верувам дека сите ние овде сакаме да ја преставиме реално во најдобро светло. Затоа се задржав на овие три општини кои за мене преставуваат пресек за она што се случуваше во Република Македонија воопшто. Значи, не станува збор само за желбата на оние 22%, зборувам за злоупотребата на дел од институциите и зборувам за една мисија која е присутна во Република Македонија, која не е спомната досега од повеќемината говорници во овие два дена, во кои ние зборуваме за Предлогот на законот. Од ДПА, затоа што таа е тука со конкретна цел. Имено таа цел е македонската полиција во очите на секој граѓанин да биде чесна, совесна и која ги има само оние ингиренции. А, општина Охрид и оние 18 часа на барање на експлозивно-минска направа, држење на гласачкиот материјал, а без притоа кога се бараше таа минско-експлозивна направа не беа повикани ниту екипи од Центарот на Антитерористичката единица, ниту беа ангажирани посебни кучиња кои се тренирани за таа намена, а здравата логика вели кога барате минско-експлозивна направа не викате 30 полицајци, експерти, или било што во зградата, туку бројката на луѓе кои ги ангажирате ја сведувате на минимум. Тоа е целта на моето јавување за збор. Значи, однесувањето на дел од институциите и истакнувањето на оној дел за кој проговорија неколку пратеници. Дали и политичките партии, секако дека имаат одредена одговорнсот, крајната одговорност е на власта и на институциите на системот, но колку и политичките партии влијаат врз своите членови, приврзаници и активисти, волонтери во изборниот процес. На пример како можете еден ваш коалиционен партнер да слави, прославува отворање на фронтови, прославува со пукање на оружје, прославува со се она што во законот е наведено дека не смее да се прави. Вие очекувате дека Собранието или дел од македонската јавност тоа да го набљудува непристрасно или  незаинтересирано. Мислам дека целта не само на овој закон, туку воопшто на работата на секој парламент е напротив да бидат нотирани таквите појави и тие да бидат осудени, дали преку политичка осуда овде во Собранието или она што е уште поважно тоа да има и правна завршница. Јас неочекувам да има правна завршница затоа што не сум навикнат оваа Влада да ја гледам да се приведува и да се апси себе си и да отвора некакви судски постапки.

Но, мислам дека од една страна самиот слоган со кој одеше коалицијата Европска Македонија и држењето на новинарите во просторија на партиски штаб, додека не се расчисти таа чета која пука со калашникови, мислам дека има една голема дисонанта во европската перспектива на Македонија и европската пракса во Република Македонија. Затоа што, во крајна линија, стандардите се оние кои нас ќе не доближат. Не мора тоа да се случи практично никогаш, затоа што прифаќањето, усвојувањето и оживотворувањето на тие стандарди ќе ја направат Република Македонија попросперитетна, побезбедна и подобра држава за сите нас, а не самиот институционален чин. Значи, сега, повторно зборуваме конкретно за изборите и не само за гласачите за населените места кои се наведени, затоа што, уште еднаш ќе истакнам, Република Македонија за жал, ќе биде идентификувана и преку таквите примери. Но, она

што се случува, да речеме, во Konче или она што се случува во Тетовско, Бозовце, во Бродец исто така има значење за целокупната слика на Република Македонија. За жал, тоа не влегува во опсегот на она што вицепремиерот за европска интеграција често го кажува да се раскажува истата прикаска за Македонија, не знам како таа ќе го стави ова во делот на нејзината прикаска. Јас знам дека припаѓа на политичка опција која кажува прикаски, знам дека има долго искуство во политичката пракса на таа партија да ја базира целокупната своја појавност на македонската политичка сцена со приказни, но не ми е јасно како ова влегува во нашите евроатлански интеграции и како ова се вклопува во желбите, во крајна линија на Владата на Република Македонија, која вели дека во 2006 година треба да добие покана за членство во НАТО. Затоа што, една земја ви се допаѓало вам или не ви се допаѓало во следни избори, парламентарните избори во 2002 година беа организирани и спроведени во максимален ред. Тие се последни избори во Република Македонија кои поминале без инциденти. Следните избори, без оглед кој ги организира, како ги организира, дали се локални, претседателски, референдум, било што, следните избори треба или да го задржат тој стандард за кој сме сите согласни, а се согласни и меѓународните претставници, на набљудувачки мисии, од организации кои имаат цел на набљудување на изборен процес, или да го задржат истото на ова ниво, или да одат чекор понатаму. За жал, тоа не се случило. Во континуитет во овие три години ни се случува по ист стандард на спроведувањето на изборите да оди во надолна линија, без оглед дали станува збор за северозападниот дел на Македонија или станува збор за Охрид, да речеме. Во северозападниот дел имате манифестирање на насилство, на сила од ваш коалиционен партнер. Значи, од партија која ја практикува извршната власт, во Охрид имате злоупотреба на една од институциите, чија цел не е да учествува во избори на начин како што тоа го направи. 18 часа охридската полиција бараше минско експлозивна направа во седиштето на Општинската изборна комисија. 18 часа целокупниот избирачки материјал кој беше предаден,одземен без записник и примен без записник беше во посед на полицијата. 18 часа Општинската изборна комисија не заседаваше, а нели се вели во Законот дека Општинската изборна комисија во принцип е во постојано заседание. И, што е уште најчудно претседателот на таа Општинска изборна комисија наеднаш се разболе и исчезна. Значи, на почетокот на излагањето кога зборував за Проксима, дел на институциите, особено чувствителни каква што е полицијата, треба да биде над секое сомневање дека таа има единствена задача и дека таа тоа го прави совесно на секој дел од земјава и за секој граѓанин, без оглед на неговата полилтичка, социјална, економска, верска, етничка или било каква друга различност или посебност. Но, овде верувам дека и оние што можеби гласно не сакаат да кажат, чувствуваат дека основи за сомневање во такви услови полицијата во Охрид тоа го направи да остави впечаток дека таа таму беше со некоја друга цел. Инаку, како ќе го објасниме фактот дека 7-8 автобуси дојдоа 24 часа пред одржувањето на изборите во Охрид со припадници на полицијата од други градови. Сеуште трае наградната игра распишана во Прес центарот на ВМРО-Народна за непостоечки гласачки места. Вие сте свесни дека во овие избори директните учесници немаа контакт со гласачките ливчиња и дека се беше ставено во рамките на Општинската изборна комисија во целокупниот процес на децентрализацијата, тоа впрочем го зборуваше и претседателот на Државната изборна комисија и сега еден лаик од областа на правото и на примената, практичната примена на законодавството, се прашувам, па што мајка тие бараат таму. Која била задачата на Државната изборна комисија, кога таа е ненадлежна, практично за ништо. Претставникот господинот Кирил Андоновски на ВМРО-Народна партија после првиот круг веднаш излезе со предлог на ДИК онаму каде што се забележани неправилности од страна на општинските изборни комисии во изборниот процес во првиот круг, да бидат веднаш разрешени. ДИК ниту сериозно не се осврна да го прокоментира во тој момент ова прашање, оваа дилема поставена од господинот Андоновски, се до оној момент додека тоа беше 6 до 7 дена подоцна ми се чини госпоѓа Шеќеринска, вицепремиерот на Владата не го каже тоа јавно при една нејзина од многуте изјави. Е, тогаш ДИК скокна и почна да коментира, да, ние сега ќе разрешуваме. Зарем, политичкото, стручното искуство како правник или не знам што било причината господинот Андоновски да не бил сватен од ДИК сериозно, или пак извршната власт имала толку моќно и толку силно влијание во ДИК, што тие биле практично глуви и слепи на секаков предлог, без оглед колку тој бил осмислен, исправен, логички издржан,нормален човечен или како сакате да кажете, но не доаѓа од вистинската страна. Во процесот жалбите и во овие општини кои се наведени во Предлог-законот,имавме впечаток дека Република Македонија во овие 80-тина општини практично се на дејство, 80-тина различни закони. Она што важи на територијата на Велес, не важи на територијата на Струмица. Она пак што е на територијата на Тетово е сосема различно од правилата и од законите кои важат во Крива Паланка или во Кратово. А, јас колку што знам Република Македонија и овие избори ги спроведе согласно еден единствен закон. Донесен овде, последните измени на Законот за локални избори. Ова Собрание ги донесе и тие важат на територијата на Република Македонија. Од каде тогаш она што важи во една општина, не важи во друга општина. Но, и понатаму немаше и покрај предупредувањето од господинот Андоновски, па и она што го кажуваше госпоѓа Шеќеринска после првиот круг и сите оние силни изјави кои доаѓаа

од кабинетот на премиерот, едноставно беа без завршница.
Затоа, велам мотивот, еден од мотивите зошто јас на пример сум се придружил кон предлагачите на овој закон, е да се разгледа и однесувањето на дел од институциите на системот кои беа ставени во улога на извршната власт, односно на оваа трилатерална коалиција, од која не може да се амнестира ниту претседателот на Владата, ниту парламентарното мнозинство. Затоа што, ирелевантно е што можеби не знам, во некоја општина во прекрасен ред поминале изборите, дури и победил кандидат од редовите на парламентарното мнозинство, но она насилство што вашите коалициони партнери го прават и она насилство и злоупотреба кое доаѓаше од институциите на системот, не ве амнестира, без оглед што ќе речете, не знам тоа доаѓаше од редовите на ДУИ, но вие сте членови, да речеме, на Либерал-демократската партија. Тоа е неважно, затоа што ДУИ е ваш коалиционен партнер, вашиот коалиционен партнер од првиот круг на изборите, завршувајќи со изборите во Долнени кога Општинската изборна комисија мораше да биде спасувана со полиција, тоа е Владата на Република Македонија, СДСМ, ЛДП и ДУИ. Оваа трилатерална коалиција на моменти се гледаше некаде, можеби и преку нишан. Која ќе биде сега консеквенцата за Република Македонија, за мене или за моето семејство, за моите соседи за кои ние многу не сме загрижени, ниту не интересираат односите во коалиацијата. Што треба да очекуваме за да се изгладат овие работи од страна на парламентарното мнозинство, или уште поконкретно од страна на извршната власт. Затоа што, на секого му е јасно дека овие моменти кои се случуваат, препукување внатре во коалицијата, ќе имаат некаква политичка завршница. Ќе има нови амбасадори, ќе има нови вработувања, ќе има измени на закон, ќе има некакви отстапки од Владата во поглед на некои прашања, ќе има ретерирање во поглед на некакима прашања, па секако дека ќе има некаква политичка завршница, која ќе биде и законски ограничена.
Конечно, она што го зборував за на моменти во поглед на одговорноста на политичките партии, навистина, јас бев во еден момент збунет кога во општина Конче ги видов првенците на Здружената опозиција и роднината на еден почитуван член во Македонскиот Парламент, кој од СДСМ таму е прв човек на Социјалдемократите, застанати заедно на една бина и поддржуваат еден ист кандидат. Дали тоа е одговорот кој јас си го поставував и тогаш и сега,зошто Здружената опозиција не одговараше, да речеме, на насилството кое беше во Гази Баба во првиот круг. Или, зошто Здружената опозиција не ја даде очекуваната поддршка во наградната игра да го лоцираме гласачкото место 8000 и нешто, кое не постои, се разбира. Значи, молкот по одредени прашања, без оглед дали доаѓаа од партиите, дали доаѓаа од извршната власт, на крајот цехот го плаќаме сите ние, без оглед кој што инкасирал во сметката во овој момент. Она што е најважното во овие избори, а кои повеќето учесници односно да речам помоќните учесници, малку го занемарија, а тоа беше дека од 1 јули започнува процесот на децентрализација. Од 1 јули треба да ни биде грижа квалитетот на наставата во училиштето во кое оди моето дете. Треба да ми биде важно каква здравствена заштита и услуги ќе ми понуди општината каде што живеам, а не да се интересирам јас за поканите за НАТО, за поканите во Европската Унија, за евроинтеграциите или за тоа дали се возам во круг или не се возам во круг. Ова се темите за кои не само во оваа прилика ќе се зборува во Македонското Собрание, затоа што локалните избори, особено последниот круг и како што се вели, значи крајот го краси делото, овие избори односно од овие избори ќе памтиме како заврши Долнени. Во Општинска изборна комисија да биде заштитувано од полицијата, затоа што приврзаници на еден коалиционен партнер решиле со насилство да го сменат текот на изборите или изборниот резултат. И, што е уште пострашно нема никаква осуда. Ние како сите два милиони народ во земјава ги гледаме насмеани лидерите на оваа трилатерална, за жал, без идејна веќе коалиција која не знам на што се одржува, не можам да ги проценам односите, затоа што очигледно е дека нема далекусежни... Досадно ви е господине?

**Слободан Најдовски:** Не, мене воопшто не ми е досадно да ве слушам, туку ме чуди тоа што сте потписник на законот, а не знаете што пишува во законот.Очекувам да преминете да дискутирате по законот. Воопшто не ми е досадно, јас сум должен да ве слушам. Бидејќи досега немате дискутирано воопшто по законот. Ова што вие го дискутирате не е во законот. Продолжете јас можам да ве слушам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Најдовски, мене ми е одамна јасно дека, не само вие, туку било кој што во овој парламентарен состав седи на вашето место многу малку ме разбира, но погрешно ви е формулирано прашањето. Ние не ве разбираме. Знаете, повеќето од граѓаните во земјава не ве разбираат. А, тоа дали јас сум го прочитал законот или не сум го прочитал законот, доколку мислите дека излегувам од темата слободно обрнете внимание дека не се движам во рамките на темата.

**Слободан Најдовски:** Па, јас ви обрнав внимание, господине Трендафилов во текот на дискусијата.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Па, нели зборуваме за оние 22% чија политичка волја е извртена. Нели зборуваме дека од овие избори, за жал, без оглед колку и да зборуваме дека сме за Европска Унија, прифаќање на некакви стандарди, ќе ги запамтиме само изборите во Долнени.

Знаете крајот го краси делото. Ние ќе си заминеме од овде со таа мисла. Набљудувачите си заминуваат со таа мисла, без оглед што е направено. Стотици добри работи да биле

направени, како што реков, прекрасно да поминале на други места изборите, ние завршуваме запамтени по ова, Општинската изборна комисија беше спасувана од полицијата. Немаше политичка јавна осуда од страна на вашиот коалиционен партнер, што е уште пострашно што немаше политичка осуда ниту од вас.И вам тоа не ви во духот на Предлог-законот од ДПА кој сум го поддржал и јас. Ако тоа не е во духот на законот и во предлогот ако за вас е секојдневно и вообичаено институциите во Република Македонија или да бидат злоупотребувани, манипулирани или потполно игнорирани, тогаш навистина ние не се разбираме.
Да заклучам и нема да ви одземам повеќе време, за да не ви биде досадно. Непостоечки гласачки места, луѓе на привремена работа во странство, кои се заокружени дека гласале, со волшебната реченица, но битно не влијае на изборниот процес, кога се носеа измените и дополнувањата на Законот за локални избори, ве прашавме, особено господинот Најдовски, тогаш дел од мошне монолитната трилатерална коалиција - дали е прекршен или не е прекршен законот. Нема средина. Малку ве убија, или многу ве убија. Нема градација, не дозволивте вие. Ние ви ги укажувавме проблемите, тогаш како опозиција, и во поглед на рокот и во поглед на цензусот, но вие бевте цврсти во своето убедување дека е тоа така како што е. Еве гледате господине Најдовски, тоа не излезе како што вие велевте и без оглед на вашите предупредувања, без оглед на Предлог законот предложен од ДПА, без оглед на вашите евроатлански интеграции, желби, заложби и фантазии, од овие избори верувајте јас, вие, вашите соседи, луѓето како претставници на ОБСЕ, на ПРОКСИМА или било што дошле во Македонија да ги набљудуваат изборите ќе запамтат само едно нешто Долнени ништо повеќе.

**Љупчо Јордановски:** Многу ми е жал господине Трендафилов што не бев присутен да го чујам вашиот говор. Завршивте? Не нема потреба. Јас малку работев на мојата едукација и мислев дека ќе ве разберам. Минатиот пат реков, али ми е жал. Како претседател имам право да направам коментар. Видете, вие не сте човек кој робува на Деловникот, бидејќи по вашите дискусии јас тоа можам да го сватам и тоа ми се допаѓа. Некои се униформирани работи, мене не ми се допаѓаат и вас ве ценам посебно. Не им робувам на правилата, па затоа велам не е реплика, а вие велите дека во Деловникот не постои тоа.

Има реплика господинот Адеми Абдилаќим.

Повелете три минути.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам господине претседател. Сигурно дека оваа моја реплика сега ќе биде веќе залудна, затоа што говорникот излезе од салата. Меѓутоа, бидејќи задов збор ќе кажам неколку зборови. Сигурно поналутени од овие избори ќе биде ВМРО-Народна, ќе бидат тие, затоа што тие повеќе изгубија. А што се однесува на дискутантот, тој спомна нерегуларности во Охрид, Гази Баба и Долнени. Истите овие три општини не се спомнуваат во Предлог законот кој што е предложен од страна на ДПА. И целата негова дискусија се вртеше околу овие три општини и општините кои се спомнуваат во законот и од тука излегуваат на површина, или на видело скриените намери на подржувачите на овој Предлог закон, значи опозициониот блок, македопнскиот опозиционен блок и на некој начин тие сакаат да ги стават на обвинителна клупа само Албанците. Меѓутоа, за ова што вие сакате да го направите, да ги ставите на обвинителна клупа само Албанците не сте виновни само вие, затоа што пред текстот за ова ви го дале токму Албанците, токму предлагачите на овој Предлог закон кои што и не се присутни на оваа седница и кои што по мое мислење паднаа во стапица на една изјава на премиерот која што изјава беше малку избрзана и го предложија овој закон. Потоа говорникот вели дека ДУИ користела насилство посебно во западна Македонија, така вели. И јас би сакал тука да го кажам токму спротивното, дека ДУИ била на некој начин под притисок, под пресија во текот на првиот круг. Додека факти и аргументи немате дека ДУИ користела насилство посебно во првиот круг. Јас можам тука да спомнам многу случаи каде активисти на ДУИ биле под пресија, меѓутоа не би сакал сега да ја оптоварам дискусијата. Затоа уште еднаш би сакал да кажам дека скриените мотиви, или скриените намери на подржувачите на овој Предлог закон предложен токму од ДПА излегуваат на видело и тоа е дека ДУИ и Албанците воопшто да се стават на обвинителна клупа. Ова не е вистина. Со оваа реплика ова сакам да го демантирам.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Благој Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе. Само кратко на мојот почитуван колега Трендафилов. Би се осврнал само на делот и би му порачал дека едноставно ЛДП нема намера никого да амнестира, ниту е спремна да се солидаризира со било каква туѓа политичка одговорност без разлика од каде таа доаѓа, дали од коалиционен партнер, или од друг политички субјект. Едноставно на изборите учествуваат партии, политички партии. И сметам дека суштината на целата оваа расправа ќе ја дотакнеме барем ако сите се погледнеме во огледало и се запрашаме зошто една иста работа ни се случува постојано и тоа за време на локални избори и колку за тоа ние како политички субјекти придонесуваме, или не придонесуваме за едни вакви антидемократски случувања, или процеси. Само на тој начин доколку според степенот на инволвираност и степенот на одговорност ја споделиме политичката одговорност сите заедно, ја прифатиме едноставно политичката одговорност и се обидеме да ги зауздаме нашите политички структури кои се многу спремни на многу лесен начин да ја поминат таа црвена линија и да се

обидат да ја фалсификуваат, или да влијаат на волјата на избирачкото телот, ги минимизираме и го скратиме просторот за нивно дејствување.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута господине Трендафилов.

**Ѓорги Трендафилов:** Почитуван колега Голомеев, избришете го веднаш од вашата свест прашањето за колективна одговорност. Вашата одговорност и мојата одговорност како рамноправни членови на Собранието е многу различна. Вие имате повеќе инструменти на располагање да влијаете, затоа што сте во позиција, затоа што вие имате министри во Владата. Јас сум опозиција, јас имам многу помалку инструменти на располагање од вашите. Ова што вие го зборувате како намера, јас го ценам, но многу повеќе ќе ви верувам доколку од декларација преминете на дела, доколку од вашата партија и конкретно од вас видам конкретен чекор за политичката одговорност на оние што треба да ја понесат,доколку има основи и за кривична, можеби и подобро..

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Трендафилов, ова ми се допаѓа дека одговорноста е поголема кај позицијата и затоа како претседател, ако не ви дадам збор немојте да се лутите, бидејќи одговорноста е поголема овде.

За реплика се јави господинот Слободан Најдовски. Повелете, три минути.

**Слободан Најдовски:** И реплика и повеќе да му дообјаснам на господинот Трендафилов некои работи, додека господине претседателе ве заменував и неговото упатување дека бев нервозен. Воопшто не сум нервозен господине Трендафилов, но настојував не да ве разберам, туку настојував некако да ве упатам да дискутирате за она што е тема на разговор. Но, изгледа тешко тоа оди кај вас, не само за оваа дискусија, туку и за многу други дискусии. Но, има време, можеби некогаш ќе почнете да дискутирате само за темите кои што се точка на дневен ред.

Втората работа за која што сакав да ви укажам, сакавте да укажете дека ние сме тие кои што ви понудил да зборуваме за делови од земјата, од државата, онака како што е предложено во законот. Само да ви укажам, законот го предложија ДПА во кој што дел од пратениците од вашата партија, од ВМРО-ДПМНЕ, од ЛП ги подржаа. Што значи, она за што не критикувате , кажувајте си го за вас. Вие сакате да зборувате за делови од државата каде што се случувале изборите.

Третата работа која што сакам да ви ја кажам, јас се согласувам со вас да отвориме расправа во ова Собрание, заеднички да подготвиме една информација за насилствата, за време на изборите кои што се јавуваат не само за сега, туку од нејзиниот почеток. Верувајте ми, еден сте од творците на насилството на изборите во Република Македонија, едне сте од творците на изборите во 1999 година. И сега само ќе ви кажам ова беше кулминација. Јас воопшто не ги оправдувам ниту ДУИ, ниту ДПА, ниту ПДП, ниту ВМРО, ниту ЛДП, ниту било која партија која што би се служела со насилство. Јас учествувам на избори господине Трендафилов, од 1990 година активно. И ќе ви кажам едно, дека ниеден досега не ми префрлил дека сум применил било какво насилство, или малверзации при избори. А јас можам за вас да ви кажам дека сте вие творецот на насилството во Република Македонија за изборите. Она што го направивте во 1999 година бевте точно информиран за се што се случуваше со оглед на вашата позиција која што ја имавте. И денес затоа ова ни се случува. Јас можам да ви кажам, за мене е позитивно она што сега почнавме да зборуваме. Нас не не интересираа можеби, велам “сите нас”, кога излегуваа 98%, 100% во тие средини кои што сега се овде наведени во законот. И 1996 година беа истите избори таму. И 1999 година беа исти избори и 2000-та година локалните избори беа исти. Тогаш молчевте, ве немаше. А јас и тогаш зборував и сега и во иднина ќе зборувам, за мене насилството на изборите е туѓо господине Трендафилов.

И на крајот би завршил со едно, секогаш ударот се враќа со удар. Затоа ова ни се случува. Јас велам, барам одговорност и сме барале од сите надлежни органи. Но, неможете да ја избегнете ни одговорноста за насилството на изборите кои што се случија во Република Македонија. Можеби еден ден ќе се разбереме ние двајцата, но најмалку е потребно ние двајцата да се разбереме, потребно е народот да ве разбере, но тешко ќе ве разбере со она што сакате да го кажете, бидејќи немате аргументи.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов, повелете една минута .

**Ѓорги Трендафилов:** Почитуван господине Најдовски, и вие како и вашиот колега Голомеев упорно сакате во континуитет, веројатно тоа е еден облик на колективна одговорност. Јас прифаќам не само од 1990 година, да видиме и летоци и полиција и УБК и служби за разузнавање и кодоши и шпиони и се и можете точно да почнете од онаа прослава 60 годишна, вашиот сограѓанин министерот за култура што ја правеше да почнеме ете од таа прва Влада која ја славевте од првите пет нејзини одлуки што ги има направено и да одиме наваму. Зошто да се ограничиме само на периодот од кога ја стекнавме независноста. Ќе одиме по сите влади.

**Љупчо Јордановски:** Само немојте од антика да почнеме. Извинете господине Трендафилов ние славевме 100 години државност, немојте 60 години. Негирате 100 години државност.

За реплика се јави господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател. Навистина дискутантот имаше многу паушални проценки и сигурно затоа и се одалечуваат од оваа сала. Но, како и да е ДУИ немала никакви мотиви во општина Гази Баба,

најмалку во таа општина да организира некоја група со која група ќе го нарушеше редот на гласањето, или изборниот процес во таа општина. Така што не држи тоа што се рече од пратеникот, но виновникот треба да го бараат во нивната средина тие кои што се натпреваруваа за градоначалник во оваа општина. Така што за нас е јасно зошто многу обвинувања од опозицијата се насочени кон ДУИ, велам јасно ни е бидејќи на многу овде не им одговара ДУИ да има една голема поддршка каква што ја има во гласачкото тело и кај своето членство. И овие не се првите избори што ги победува ДУИ и тоа убедливо, туку се три последователни избори и не држи тоа што во текот на целото време некои, или сите пратеници од опозицијата се трудат на црна клупа да бидат пратениците од ДУИ, или раководството на оваа партија. Треба да бидеме коректни и сите да кажеме пред нашето гласачко тело дека сите сме учесници во овој изборен процес, сите партии кои партиципираат во општинските изборни комисии, во изборните комисии итн. и сите сносиме одговорност во оваа насока. Но, господинот Трендафилов и другите говорат за општина Долнени, но забораваат дека истите се тие кои еден ден пред да се донесе одлуката од Општинската изборна комисија токму ВМРО, или опозицијата го смени својот член во таа општина, значи членот на ВМРО и на негово место да се именува некој друг член. Тие беа тие кои го прекршија правилото, или ги прекршија демократските гласачки избори. Значи тие се дел на тој фалсификат на резултатот кој беше во општина Долнени. И јас ги разбирам дека повторно и за тоа фалсификување се трудат виновникот да го најдат во членството, или активистите на ДУИ, нешто што не држи. Не е вистина дека Изборната комисија се одалечила од полицијата во таа општина, напротив без согласност на Државната изборна комисија, општинската изборна комисија се одалечила за да ги фалсификува овие избори.

**Љупчо Јордановски:** Нема повеќе реплики.

Има збор господинот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Господине претседател, почитувани колеги, чуден сме ние некој Парламент, бараме тема да расправаме за прашања кои се од иманентен наш интерес, меѓутоа изгледа нема волја, нема сила, нема енергија, изгледа празниците сите по малку не изморија. Јас да бидам искрен, мотив за да се јавам за збор беше еден мој колега кој што за жал не е сега присутен тука. Сакам директно на почетокот на мојата дискусија да кажам дека оние колеги кои што не се јавија за збор, не значи дека воопшто ги оценуваат локалните избори во Македонија, овие последните фер, демократски, коректни, дека имаше можност за политички натпревари тин. Јас сум еден од тие што сметам дека имаше многу проблеми, имаше многу пропусти, имаше многу незаконитости и неправилности кои што не треба човек да биде многу упатен па да види дека како мислење го делат многумина, не само домашни аналитичари и политички партии, туку и Меѓународната заедница која што впрочем е во ситуација да го следи и да го оценува секој наш чекор и утре впрочем тие одлучуваат за нашата иднина, дали ќе не примат во нивното друштво, кажат некоја негативна оценка. Но, имам чувство дека после се што ни се случи и неколку авторитети од Брисел и од околината што се јавија велат: во Македонија тоа е можно и за Македонија и да се случат такви глупости, тоа е и за очекување и добро, нив ќе им попуштиме. Мислам дека тоа е најголемото понижување. Јас го доживувам како еден сериозен шамар, не само како опомена, туку како едно предупредување дека еве, уште еднаш ќе ви прогледаме низ прсти. Можеби и ќе не повикаат да ги почнеме разговорите, но тие велат: повеќе тоа не смее да ви се случи. Уште една потврда дека Македонија како држава не создаде, јас би рекол капацитет да организира фер и демократски избори кои што се најдобрата препорака за еден народ да биде во друштвото на развиените и демократски држави и граѓани. Според мене изборите се токму тоа, најдобриот доказ колку еден народ има цивилизациски исчекор и колку има демократски капацитети да организира функционална држава. А меѓу другото изборите се тој најдобриот репер дали една држава има капацитет, има перформанси да организира избори и тоа е најдобриот доказ дали можеме да бидеме во друштво на оние кои што толку години практицираат парламентарна демократија. Дури еден странски дипломат ми рече, па добро, за вас тоа е нормално, вие имате малолетна демократија, практикувате само 15 години политички плурализам и во такви земји за очекување е да се случат и вакви избори како што беа впрочем овие последните локални. Но, за жал не се тоа само тие последните. И морам да кажам, она кога реков инспирацијата и поттикот и мотивот да се јавам беше токму за колегите кои што покренуваат вакви прашања. Дебатираме можеби два дена дека мора да се има малку политички и морален кредибилитет, мора да се има барем малку чувство на сопствена одговорност кога се покренуваат вакви прашања. А политички партии кои покренуваат прашања за делегитимација на изборите на определена територија, или за сите, не смеат да имаат петно на тој план, не смеат да имаат никаква хипотека, уште повеќе што и не се присутни тука. Тоа е уште една потврда дека основните лекции по демократија не сме ги совладале. Да почнеме да разговараме, да се соочуваме со аргументи. И мене ми е совршено јасно зошто и ова прашање се покрена. Не говорам, нека ми простат колегите кои тоа го подржаа, овие избори ние популарно говориме ги добија, или ги изгубија граѓаните. Не ги изгубија граѓаните, ги изгубија политичките елити и тие се соочени со фактот дека се доведува во прашање нивниот кредибилитет и дека лошо ќе поминат пред граѓаните и тогаш вината ја префрлуваат општо на сите. Значи, не случајно и се бара да се расправа во

Парламентот на таа тема. Патем да кажам, ние по оваа тема можеме да расправаме. Претседателот на Собранието практично е персонификација на овој Парламент, тој ги распишува изборите и од таму доаѓа и нашето право и легитимитетот на една таква расправа во Собранието. И ние имаме можност да расправаме по еден извештај, целосни оценки на домашни и на странски аналитичари и врз основа на една таква расправа да градиме заклучоци кои што ќе бидат и релевантни да градиме еден однос кон, да речеме преиспитување, целосно преиспитување на изборната регулатива. Но, тоа треба да произлезе од една ваква расправа. Тука имаше напомена дека Владата се согласи дека имало неправилности и лоцираше дел од неправилностите и во законската регулатива.

Да ви кажам, од ова мое скромно искуство овие 15 години во овој Парламент, дека нема совршена законска регулатива која може да ги покрие и да ги спречи сите можни фалсификати. Ние можеме да направиме совршени закони, она се што демократскиот свет го измислил, го практикува, но кога ќе ни дојдат некои таму силеџии со оружје и ќе ве истераат надвор, ќе ја наполнат кутијата. Значи не е работата до законската регулатива. Нешто што се вика традиција, нешто што се вика парламентарна култура, нешто што се вика демократски морал, а за тоа ќе треба малку повеќе години. Тој исчекор не може да се направи за тие 15-тина години. Но тоа не оправдува. Јас тоа го говорам не со намера да оправдам, туку сите заедно, навистина тоа ми се допадна идејата на почитуваниот колега кога кажа дека и кај нас во свеста и во однесувањето, во праксата треба да се направи револуција за да можеме, за оние прашања кои ние некогаш не сме ги направиле на демократски начин, да не можеме да ги обвинуваме другите. Не значи тоа дека немаме шанса да се поправиме, како луѓе, како пратеници, како законодавен дом, но со полн кредибилитет можеме да разговараме само доколку тоа нам не ни е својствено.

Да завршам. Мислам дека многу пострашно е положбата, иднината и перспективата на политичките елити во Македонија, отколку, да речеме, ние да дојдеме до сознание дека ќе треба да се промени законот. А видете зошто, покрај другото. Еве тука гледам еден колега исто така од една политичка партија која се залагаше и пред домашната и пред маѓународната јавност, изборите во Македонија да ги спроведе Меѓународната заедница. Тоа не е ништо друго освен заложба за протекторат. Тоа говори дека Македонија нема потенцијал, нема капацитет да спроведе фер и демократски избори. Земјите кои отидоа многу пред нас, еве ќе ја спомнам само Словенија, Бугарија, тие повеќе немаат мониторинг, тие не викаат странски набљудувачи да ги оценуваат нивните избори. Тие викаат гости. Словенија, веќе после првите повеќепартиски избори не кани странски набљудувачи, а ние не само што инсистираме и тоа без исклучок, сите власти до сега, не само што инсистираме да има странски набчудувачи, туку инсистираме дури и изборите да ги спроведуваат странци, значи Меѓународната заедница. Тоа е недоверба во потенцијалот државен, тоа е недоверба и во овој Парламент, недоверба во институциите, меѓутоа тоа е недоверба и во граѓаните на Република Македонија. Според тоа мислам расправа да, меѓутоа од ова мораме да извлечеме некој логичен заклучок што треба да менуваме.

И конечно да го кажам моето мислење.

Мислам дека не е лесно со закон да се делегитимираат избори, да се поништуваат избори, од едноставна причина што нашиот Устав ја има поделено, токму заради тој баласт меѓу носителите на власта или дури баласт на рамноправноста и меѓусебна контрола на властите, па има не случајно конституирано, имаме три вида на власт: законодавна, извршна и судска и дека меѓу нив мора да постои некоја рамнотежа и меѓусебна контрола за да функционира системот. Ако за се се одлучува во Парламентот, тогаш ќе се суспендира во овој суд судската власт, значи одлуките на судот. Не случајно изборите ги распишува претседателот на Собранието, меѓутоа оценката на нивниот легалитет ја врши судот односно ја вршат изборните тела и конечната оценка ја има Врховниот суд на Република Македонија. Тоа значи инволвиран е и судот. Еве сега ќе се отвори прашањето за измените на Уставот во делот на правосудниот систем. Може и таму ќе бараме некои измени, дали е тоа со право или не. Има теоретичари кои сметаат дека инволвирањето на судската власт во изборната регулатива и во изборниот процес, практично ќе значи и ставање на судската власт како зависна од законодавната, изборот на судиите. Но, тоа е тема за која веројатно многу подетално ќе расправаме сега со промената на Уставот.

Да заклучам. Мислам дека не ни дава право формулацијата, Собранието донесува закони, да можеме да поништуваме, да делегитимираме избори, не само од причини што беше спомнато дека ќе се воведе како преседан една пракса од која тешко можеме да се ослободиме, туку за мене нема никаква разлика меѓу индивидуалниот и оној колективниот тиранин, дали тоа ќе биде император, крал или ќе биде Парламент кој така ќе функционира, нема никаква разлика. Не е помала одговорноста, а не се помали проблемите околу иднината на државата. Значи за темата да, да извлечеме заклучоци што треба да менуваме. Ако е тоа регулативата, да, но не со закон да легитимираме избори, дали локални, парламентарни, претседателски итн.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Петковски.

Сепак онаа - Македонија и се е можно, не ми се допаѓа, бидејќи многу личи на - скопско и се е можно.

За реплика се јавува господинот Исмет Рамадани.

Повелете господине Рамадани, имате три минути.

**Исмет Рамадани:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Јас се согласувам со првиот дел од говорот на господинот Петковски, од самиот факт што и самиот констатира дека на овие избори имаше нерегуларности и сите тие што дискутираат на овој начин е добро. Значи со овој наш предлог сме влијаеле гласно, да прифатат и да признаат дека нерегуларности имаше во овие избори.

Вистина е тоа што ние го правиме со овој Предлог закон, малку ја усложнува ситуацијата затоа што да поништиш избори во 16 општини, не е баш ни лесна работа, меѓутоа не е ни добро за државата. Меѓутоа, јас секогаш мислам и размислувам и моите сопартијци исто така, истите оние што се обидуваат отприлика вака да размислуваат, не мислеле уште од 1999, 2000, 2002 и 2004 година, која е формата, како да изнајдеме начин, дефинитивно да немаме нерегуларности и вакви ситуации, во текот на изборите. Можеби ние сме, како што рече господинот Петковски, во малолетна демократија, меѓутоа до кога ние ќе останеме вака мали во демократијата, значи во малолетна деморатија, во пелени. Ние го избравме најсофистицираниот пат, најкултурниот пат за да допреме до совеста на луѓето кои се компетентни, да размислат за оваа работа и го избравме овој начин. Ние не размислувавме за “Портокалова револуција” ние не сакавме да излеземе и да ги нападнеме институциите. Меѓутоа, ние имаме последици од изборите, стануваме жртви, тоа што го кажав и во мојот говор. Ние сакаме, оваа држава, доколку не сака ОБСЕ, да ги организира изборите и еднаш засекогаш да ни гарантира дека организира слободни и демократски избори, еднаш засекогаш, на бандите и на групите кои ги полнат кутиите и ги принудуваат луѓето да не гласаат, еднаш засекогаш да заложиме, ние пратениците, или претседателите на општините, или претседателите на државите, изборите да добијат вистински легитимитет во оваа Македонија. Така стојат работите. Тука е нашата грижа.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Петковски, имате една минута.

**Тито Петковски:** Кога говорев за поделба на власта мислев токму тоа. Доколку се остави самостојно судовите да одлучуваат, не случајно говорам доколку се остави, тогаш луѓето кои предизвикуваат нереди и насилства при изборите, ќе бидат ригорозно казнети и нема да им падне на памет на следните избори да учествуваат со насилство во изборите.

Второ, по однос на малолетната демократија, што реков, еден мој колега од Англискиот парламент, во една прилика кога се боревме за нашата меѓународна афирмација, ми рече, тешки се првите 100 години од демократијата. После е се навика.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има тука и пократко време, додека сите ние не си заминеме, а генерациите после 1990 година не дојдат, дотогаш ќе имаме демократија во кратки панталони.

Има збор господинот Благој Голомеев, а потоа госпоѓа Топузова, ако дојде.

Повелете господине голомеев.

**Благој Голомеев:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги,

Веќе втор ден расправаме за еден, по мене, би рекол невообичаен закон кој се состои се на се од члена, исклучително краток, меѓутоа задира една исклучително важна тема и очекував, искрен да бидам, многу посуштински дискусии. Меѓутоа, горе-долу, со чесни исклучоци, се се сведе на гол политички маркетинг.

На почетокот морам да кажам дека јас лично, а верувам дека и останатите колеги не се чувствуваме горди од оценките што дојдоа од меѓународните релевантни фактори и институции, за тоа како поминаа локалните избори во Република Македонија, кои истовремено беа и првио сериозен тест за нашите демократски капацитети, забрзано да чекориме кон евроатланските интеграции. Меѓутоа, во овие два дена едноставно слушаме дискусии кои или се обидуваат не реално да ја предимензионираат одговорноста на Владата, или едноставно ја минимизираат одговорноста на останатите чинители во изборниот процес. Јас би рекол, во изборниот процес учествуваат политичките партии, не Парламентот, не Владата. Се согласувам дека треба да се каже за одговорноста, дека таа е многу поголема кај политичките субјекти кои го сочинуваат владиното мнозинство. Меѓутоа, истовремено мораме сите, како политички субјекти, врз основа на аргументи и факти, да си погледнеме, би рекол, во огледало, бидејќи фактите говорат дека 1998 година, за разлика од тврдењата на дел од опозицијата, идеално можеби демократски избори имаше и 1998 година, парламентарните. Такви беа и 2002 година. Меѓутоа, тоа што ни се случуваше на овие локални избори, се повторува истата приказна од 2000 година, од 1999 година претседателските избори итн. Значи ни се случува една работа, одредени структури кои се врзани за одделни политички партии си земаат за право да го узурпираат правото на граѓаните да гласаат, да ја искажуваат сопствената волја, си земаат за право да бидат активни чинители во изборниот процес и после тоа избраните претставници стануваат нивни заложници, а преку нив и граѓаните на Република Македонија.

Владата, и овој пат, што се однесува до организацијата на изборите, јас не слушнав аргумент во поглед на организацијата на изборите дека една или друга работа е оманата или не е направена на време, или не е во согласност со изборниот закон. Меѓутоа, како што беше овде потенцирано и од другите дискутанти, ние можеме да направиме исклучително добар закон за

избори, прашање е колку сме подготвени како општество, како политички субјекти кои активно учествуваме во изборите, истиот да го почитуваме и да го спроведеме и со тоа да покажеме демократска зрелост, дека сме општество кое е зрело и кое заслужува да се најде во рамките на Европската унија и во евроатланските интеграциони процеси.

Очекував овде, во оваа расправа, инаку морам да кажам, не верувам во ваков законски проект кој прво ги девалвира сите институции кои се инволвирани во изборниот процес, вклучувајќи го и Врховниот суд на Република Македонија. Не верував бидејќи би вовеле една пракса која може да има далекусежни последици во иднина. Не верувам, бидејќи не гледам ништо заедничко со она што претставува развиена демократија, или развиено демократско искуство од поразвиените земји. Меѓутоа очекував да имаме дискусии кои ќе придонесеа и ќе укажеа на патиштата, на начини на кои можеме да дојдеме до подобро организирани избори, до избори кои ќе бидат по сите демократски мерки и мерила.

Според мене, она што како Парламент треба да го направиме и што е многу побитно од било какви повторувања на изборите е да побараме, впрочем тоа Владата и го најави, и премиерот, до крај да се санкционираат сите прекршители на изборниот процес. Сите оние кои се дрзнаа да одлучуваат место граѓаните, да го узурпираат демократското право на граѓаните, треба да се изведат пред лицето на правдата. Мислам дека со тоа ќе се направи многу повеќе отколку со било какво поништување на изборите и нивно повторување. Од друга страна треба да инсистираме поблиску да се анализира изборното законодавство, со цел да се извршат одредени измени и дополнувања, со што ќе се смали просторот или можноста за било какви манипулации, за било какви изигрувања во фазата на изборите. Меѓутоа, тоа нема да биде доволно доколку и ние, пред се како политички не ја преземеме одговорноста според степенот на инволвираност и според степенот на влијанието на оние простори каде имаше потенцирано драстично кршење на изборниот процес.

Сега повторно ќе го повторам ставот. ЛДП како член на владината коалиција ниту е подготвена да се солидализира со било чија политичка одговорност, ниту е подготвена да ја разводнува работата, ниту да ја прифаќа таа политичка одговорност, било таа да доаѓа од коалиционен партнер, или било кој политички субјект. Подготвени сме да ја понесеме нашата политичка одговорност, доколку се докаже дека сме инволвирани, како политички субјект, во изборните нерегуларности. Меѓутоа исто така ќе бараме и бараме политичка одговорност од сите политички чинители, за се она што се случуваше и како нерегуларност во изборниот процес, локални избори 2005 година. Мислам дека само тоа е начин да ги забрзаме да изразат една демократска свест, да ги забрзаме процесите кои, дефинитивно ќе ни го отворат патот кон интеграција со развиените европски земји. Затоа уште еднаш би истакнал дека предложениот закон, ваков каков што е, мислам дека ниту е решение, ниту ќе придонесе кон подобрување на изборните процеси во Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи госпоѓа Топузова не е тука, господине Апостолов, бидејќи господинот Голомеов го кажа ставот на ЛДП, а нема повеќе дискутанти, дали би се согласиле да ја приложите вашата дискусија, или сакате да кажете неколку збора.

**Никола Апостолов:** Ќе бидам краток.

Благодарам господине претседателе, колеги пратеници,

Се согласувам дека треба да дискутираме на оваа тема односно темата за неправилностите на локалните, парламентарните, претседателските или било кој друг вид на избори, но не во ваква форма како што е Предлог за донесување на закон. Подготвен сум да дискутираме во било каква форма на дискусија, предложена од поединец или пак парламентарна група, било да е од позицијата или од опозицијата, бидејќи вака како што е предложен законот, постои голема опасност за демократијата, затоа што во еден момент направен преседан, може да биде опасен, пред се да биде злоупотребен од партиите кои се на власт. Мораме отворено да дискутираме за овој проблем, не заради тоа што сме под меѓународен мониторинг, туку пред се заради нас, затоа што еднаш засекогаш мораме да сватиме дека волјата на гласачот поединец е неприкосновена и мораме да ја почитуваме. Не смееме со манипулации, преку кршење на гласачки кутии, преку полнење на кутии, притисоци, закани и ред други неправилности, да ја промениме волјата на гласачот.

Би се задржал конкретно за одговорноста на политичките партии во изборниот процес.

Се разбира дека најголема одговорност имаат партиите, или партијата на власт, но исто така, од одговорноста не можеме да ја амнестираме ниту позицијата, ниту опозицијата, без разлика дали е претставена од една или повеќе политички партии, бидејќи и двете се учесници во еден изборен циклус. Поголема одговорност за време на изборната кампања имаат партиите на власт, бидејќи, освен законските норми кои треба навреме да бидат донесени, многу е важно да го создадат и амбиентот за фер и демократски избори. Исто така, голема е улогата со давање на позитивен амбиент и од страна на опозиционите партии, а не како што е практика кај нас поедини лидери на овие партии во својата кампања, многу често да го употребуваат изразот лажирање на овие избори од страна на власта. Тоа не е ништо друго, освен алиби за евентуален неуспех на самите избори. Тоа се случи и на овие последни избори, а дневно политичките промени на овие ставови настануваат во зависност дали партијата

добива или губи. Посебно тоа доаѓа до изразпомеѓу двата изборни круга.

На денот на гласањето, односно од 0,7 часот, па до предавањето на избирачкиот материјал, поголема одговорност, се разбира, за фер и демократски избори има власта, но исто така, да не кажам скоро под еднаква одговорност има и опозицијата, бидејќи и таа е учесник на тие избори, бидејќи учествува и има еднакви шанси за успех или за неуспех.

Нарушувајќи ја оваа рамнотежа, резултатот е имаме не фер избори и низа неправилности. Не може да се бара целосна одговорност само од позицијата, бидејќи како што реков таа сама не учествува на изборите. Секоја Влада во принцип, сака мирни, фер и демократски избори. Зтоа, во овој момент улогата на опозицијата е од големо значење, знаејќи во каква посебна ситуација се наоѓа Република Македонија, односно пред евроатланската интеграција, а за кое прашање имаме консензус.

Сакам да коментирам една навредлива теза. На тој начин ќе ја скратам и мојата дискусија што беше изнесена од говорницата: дека власта победила само во најсиромашните делови од државата, бидејќи таму можела со притисок, односно со мито да врши свој удел во добивање на власта. Но, само за потсетување. Власта победи и во Куманово и во Штип и во Струмица и во Велес, па и во Гевгелија. И да не набројувам понатаму. Македонија е мала земја, но македонскиот гласач не може да се поткупи така лесно. Сиромаштијата и достоинството сепак, не секогаш одат заедно.

На крајот ќе завршам, да не ги спомнав општините кои со законот за поништување на изборите беа вака запишани, бидејќи Република Македонија ја сваќам како една цела држава, а тоа дали доминантна заедница е Македонската, Албанската или друга, за мене тоа не е примарно. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој**)**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата за да го усвоиме заклучокот.

(Давам пауза до 15,30 часот).

(По паузата сесдницата продолзи со работа во 15,30 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Пред да преминеме на изгласување на заклучокот по Предлогот за донесување на закон по итна постапка за поништување на локалните избори одржани на 13 март 2005 година во општините Липково, Арачиново, Чаир, Студеничани, Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас, Боговиње, Теарце, Желино, Брвеница и Јагуновце, предлагам сите пратеници да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата имаме 50 пратеници.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Со седницата продолжува да претседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Информиран сум дека има 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за поништување на локалните избори, одржани на 13 март 2005 година во општините Липково, Арачиново, Чаир, Студеничани, Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас, Боговиње, Теарце, Желино, Брвеница и Јагуновце.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 4 пратеника гласале за, 1 воздржан, 56 против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Бидејќи имаме претставник на Владата се враќаме на 24 точка - **Предлог на закон за становите.**

Предлогот на законот за установите и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 точки 7 - 8, член 9 став 5 член 22 став 3, член 24 за внесување на нова реченица на почетокот на став 1, член 25 став 2, за додавање нова точка 8-а, по точката 8, член 28 став 5, член 36 став 2, член 54 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 95 став 1, член 106 став 2, член 110 став 3, член 113 и на член 115, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Цветанка Гашоска поднесе амандман на член 93 ставови 2 и 3, член 104 и на член 105, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Фатмир Асани, поднесе амандмани на член 2 став 6, член 4 за менување на став 1 и став 2, член 7 за менување на став 2, член 9 на ставовите 2 и 3, член 14, ставови 1 и 3, за бришење на член 17, член 54 став 1 член 64 став 1, член 72, член 75 став 2, член 78 став 1, член 92 ставови 1 и 2, член 96 точки 1, 2, 3 и 5 и на член 99 став 1, член 106 став 4, и на член 111, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за култура поднесе амандмани на член 92 став 2, и за додавање нов став 3 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова Каревска, поднесе амандман на член 99 став 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 6 поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен. Дали некој бара збор?

Господине Оровчанец имате збор. Повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Сакам да укажам по повод овој амандман член 2 став 6, за она што Владата и целото друштво наопаку го работи во овој период, а тоа е грешката по номенклатурата која се појавува во овој закон, благодарение само на еден елемент, а тоа е променетата идеологија која кај нас постои. Дури и во првиот член од Законот се вели дека со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на јавните услуги од јавен интерес што покажува дека установите по својата дејност треба да бидат јавни. Терминот јавна кај нас, конкретно овде, подразбира дека е тоа општествена, дури не е ни државна. По мене, сите организации кои имаат дејност од јавен карактер, се јавни установи. А сопственичкаста структура треба да претставува нешто друго. Дали тие ќе бидат во сопственост на државата, дали ќе бидат во сопственост на општините, дали ќе бидат мешовити или приватни е сосема друга работа.

Поради ваквиот монопол на терминот јавни, јас мислам дека и целиот закон на некој начин го доведува во прашање, затоа што самата номенклатура погрешно ја поставува. Оваа номенклатура се употребува и од министерот за финансии, се употребува и од други и гледаме дека се воспоставува како систем, кој што повторно не размислува дека јавната функција е нешто што е дејност, а сопственоста е нешто друго.

Од тие причини, предлагам овој амандман да биде изгласан, за да имем диференцирање на сопственичката структура, а да немаме привилегија на јавна, за нешто што е државно. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Не е мое да коментирам, но вие сте контрадикторни, бидејќи јавна установа сака да се замени со државна установа

општинска установа и установа на Град Скопје. Сами рековте дека тоа е прашање на сопственост, а не прашање на викање, или на означување.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Очигледно пртседателе се согласуваме.

Значи доколку во членот 2 каде што се бара промената, јавна установа е установа основана со средства од државата, сопственост на државата и тн. Ме разбирате? Поентата е терминот јавна установа да се издвои како јавна установа во смисла на дејноста, токму врз основа на членот 1 од овој закон. А во членот 2, од точката 6, терминот јавна установа добива сосема друга комотација.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 12 гласале за, 1 воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на страв 1 и на став 2 поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер. Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 4 за, 4 воздржани, 48 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по Амандманот на член 7 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Господине Оровчанец повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Јас би сакал да укажам на размислувањата кои постојат во Секторот на здравството, посебно во Лекарската комора на Република Македонија и во Македонското лекарско друштво.

Мислам дека членот 7 предизвика вознемирување во редовите на овие две институции кои ги бранат еснафските права во здравството плашејќи се од една единствена работа дека со еден ваков член во законот, како што е поставен сега, докторите односно носителите на здравствената дејност би влегле во групата на државни службеници што на некој начин е страв дека понатаму сето тоа би произвело нови уравниловки во доменот на

Секторот на здравството и неможност на било какви реформи понатаму.

Толкувањата и објаснувањата дека овој закон нема да биде применлив доколку Законот за здравствената заштита ќе ги регулира овие прашања на некој начин тоа е она што не убедуваа практично и на комисиите предлагачите на законот, меѓутоа, во јавноста сепак таа идеја не заживеа, стравот постои и мислам дека, доколку се усвои овој амандман каде што се кажува дека би се изземале носителите на здравствената дејност би можеле на некој начин оваа слика да ја измениме.

Токму од тие причини сметам дека би требало да го усвоиме овој амандман кој нема да има никакви други реперкусии врз севкупното значење и суштината на законот кој се носи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не се јави за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 8 за амандманот, два воздржани, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 6 гласале за амандманот, два воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 ставови 1 и 3, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, три гласале за, двајца воздржани, 53 против амандманот.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 17, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Би сакал да укажам на овој член 17 што се би можел да направи во целиот систем, а тоа е дека практично ова е една противуставна категорија затоа што во нерамноправна позиција ги става правните субјекти, без разлика дали се приватни или други.

Ако го прочитаме членот 17 ќе сватиме дека во основање на јавна установа утврдено со закон и со нормативите и стандардите од членот 16 од овој закон се наметнува обврска покрај тоа да биде приложена квалитетна финансиска и друга гаранција со која ќе биде обезбеден континуитетот и вршењето на јавната услуга без прекин. И во смисла на надоместок на штети итн.

Сега, ако на ова сватиме дека приватизацијата на дејноста, конкретно во здрвството, би било со давање под закуп на дејноста, како ќе можеме да бараме од тие луѓе да обезбедат квалитетно финансиска и друга гаранција за обавување на таа дејност.

(во 15,59 часот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието)

Мислам дека ќе ги ставиме во нерамноправна положба во однос на сите други. Тоа на некој начин ќе биде контрапродуктивно, дека ќе биде и кочница на реформирањето во тој сектор и дека практично ќе постојат два типа на установи кај нас, едните кои веќе функционираат без никакви гаранции и другите кои треба да приложат нови гаранции.

Од тие причини сметам дека во оваа фаза потребно е членот 17 да биде избришан како таков.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, од кои пет за, двајца воздржани и 50 против.

Молам службите да го утврдат точниот број.

(службите ги пребројуваaат пратениците)

Во моментот на гласање имавме 61 пратеник, со оглед на тоа што двајца пратеници излегоа.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 17, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, од кои 48 против, двајца воздржани и еден за амандманот.

Молам службите повторно да го утврдат бројот, без еден пратеник.

(службите ги пребројуваат присутните во салата)

Молам службите уште еднаш, дали ги броевте од оваа страна сите пратеници што се присутни или само оние кои беа во моментот на гласање?

Во моментот на гласање немавме кврорум, гласањето го поништувам, ќе мораме да причекаме за кворум, господата кои многу дискутираа и ревносно дискутираа, за време на гласање излегуваат.

Мислам дека имаме кворум, но сепак службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутните.

(службите ги пребројуваат присутните во салата)

Имаме доволен број на пратеници присутни во салата.

Го повторувам претходното гласање кое го поништивме заради недоволен број на присутни пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, од нив гласале 56 од кои 52 против амандманот, четири воздржани, нема ни еден за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 54 став 1, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда Сибхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, 57 гласале од кои 53 против, четири воздржани, нема за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 64 став 1, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Отворам претрес по амандманот на член 72 став 2, член 75 став 2, член 78 став 1, член 92 ставови 1 и 2, член 96 точки 1,2,3 и 5 и на член 99 став 1, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, 58 гласале, од кои нема ни еден за, пет воздржани и 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 72 став 2, член 75 став 2, член 78 став 1, член 92 ставови 1 и 2, член 96 точки 1,2,3 и 5 и на член 99 став 1, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Отворам претрес по амандманот на член 92 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот госпоѓа Елеонора Петрова-Митевска.

**Елеонора Петрова-Митевска:** Благодарам господине потпретседател,

Сметавме дека вториот став од членот 92 кој гласи дека Владата на Република Македонија на предлог на надлежниот министер со одлука ги утврдува јавните установи за кои општината односно Градот Скопје ги презема управувачките

права, би можело да се измени со, наместо надлежниот министер, да се формира комисија која ќе биде предложена од министерот, а која ќе биде составена од експерти која ќе може да донесе порелевантна и поквалитетна одлука, наместо надлежниот министер, се со цел да се намалат дискреционите права и да се воведе поголема транспарентност во работата на министрите во Владата.

Ова го предложивме со цел, бидејќи во последно време голем е интересот кон транспарентноста на министрите да биде јавна, исто така дискреционите права да бидат намалени се со цел да и помогнеме и на Владата и на јавноста да бидат во тек што се случува со работата.

Сметавме дека ќе биде пообјективно доколку се формира комисија од експерти која ќе му предложи на министерот како да се трансформира одредена јавна установа.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Митевска.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, од нив гласале 57 од кои 16 гласале за, двајца воздржани, 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 92 став 2, и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од Комисијата за култура.

Отворам претрес по амандманот на член 93 ставови 2 и 3, член 104 и на член 105, поднесен од пратеникот Цветанка Гашоска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Со оглед на тоа што господинот Караџоски излезе, сега имаме 60 пратеници, ќе мораме да причекаме еден пратеник.

Молам да се прекине гласањето, немаме доволен број на пратеници.

(поминуваат минути на чекање)

Ги молам координаторите од овие кои го подржуваат владиното мнозинство, со оглед на тоа што кординаторите на опозицијата изгледа имаат поважна работа одколку работата во Парламентот, дали ние можеме да обезбедиме кворум. Ни фалат шест пратеници.

Следните 10 минути ако не обезбедиме кворум, ќе ја прекинеме седницата.

(минуваат минути на чекање)

Добро, тука ја прекинуваме денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,22 часот)